Универзитет св.Кирил и Методиј-Скопје
Филозофски факултет
Институт за педагогија

Постдипломски студии од областа на менаџмент во образование

МАГИСТЕРСКИ ТРУД:

# Стратегии за намалување на насилството во средните училишта

Кандидат:
Биљана Пауновска
индекс бр.4281/11

Ментор:
проф.д-р Јасмина Диздаревиќ

Скопје,2014

**СОДРЖИНА**

ВОВЕД.....5

ПРВ ДЕЛ.....9
1.Дефинирање на проблемот и основните поими.....9
1.1.Видови на насилство во училиштата и нивни последици.....14
2. Теоретски пристап кон проблемот на истражување.....20
3. Фактори за појава на насилно однсување во училишната средина.....23
3.1.Општествено – економската криза во државата.....23
3.2.Семејството фактор за појава на насилно однесување.....24
3.3.Карактеристики на личноста.....27
3.4.Факторот средина и појава на насилно однесување.....28
4. Училишна клима.....29
4.1.Фактори кои ја определуваат училишната клима.....30
4.2.Структурни елементи на училишната клима.....33
4.3.Училишната клима и појавата насилно однесување на учениците.....35
5. Училиштето и врсниците.....37
5.1.Агресивно однесување во училиштето.....37
5.2.Својства на учениците – насилници.....38
5.3.Својства на учениците-жртви во насилството.....39
6. Основа за креирање на стратегија за намалување на насилство во училиштата.....40
6.1.Принципи на стратегијата.....43
6.2.Општа цел на стратегијата.....44
6.3.Посебни цели на стратегијата.....44
6.4. Зајакнати капацитети за превенција на насилното однесување.....46
6.5. Изградени механизми за интервенција при насилство во училиштата.....47
6.6. Соработка меѓу институции и организации.....48
7. Конкретни цели и акционен план.....49
8. Програми во училиштата заспречување на насилното однесување.....50
8.1. Програми наменети за жртвите.....51
8.2. Програми наменети за врсниците.....51
8.3. Програми наменети за наставниците.....51
8.4. Програми наменети за насилниците.....52
9. Како образовниот систем во РМ се справува со насилното однесување...52
10. Мерки за превенција на училишното насилство.....53
10.1.Наставниците и нивната улога во превенцијата на училишното насилство.....56
10.2.Улогата на родителите во превенцијата на училишното насилство.....57
11. Активности за запирање на насилството во училиштата.....59

11.1.Холистички приод со учениците, училишниот кадар, родителите и заедницата....59
11.2.Учениците – партнери на наставниците во спречување на насилството...59
11.3.Конструктивни дисциплински мерки и методи....61
11.4.Активна и ефективна сила за запирање на малтретирањето....61
11.5.Издржливост кај учениците и конструктивно одговарање на предизвиците во животот....62
11.6.Спротивставување на сексуалното и родовото насилство....63
11.7.Залагање за безбедносни механизми во училиштето....64
11.8.Насилство и дискриминација на учениците со инвалидитет и против оние што припаѓаат на социјалните, малцинските и други маргинализирани заедници....64

ВТОР ДЕЛ....65
12. Методологија на истражувањето....66
12.1.Предмет на истражувањето....67
12.2.Цел на истражувањето....67
12.3.Карактер на истражувањето....68
12.4.Задачи на истражувањето....68
13.Хипотези....69
14. Варијабли на истражувањето....70
15. Методи, техники и инструменти на истражувањето....70
15.1.Примерок на истражувањето....71
15.2.Организација и тек на истражувањето....72
16. Обработка на резултати....72

ТРЕТ ДЕЛ....73
16.1. Анализа и интерпретација на резултатите....73
16.1.1. Претставување на општите податоци и резултати од примерокот директорите на средните училишта....73
16.1.2. Претставување на општите податоци и резултати од примерокот стручни соработници на средните училишта....75
16.1.3. Претставување на општите податоци и резултати од примерокот наставници од средните училишта....78
16.1.4. Претставување на општите податоци и резултати од примерокот ученици од средните училишта....81
17.Дискусија на резултатите....83
Заклучни сознанија....85
Препораки....87

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА....88

ПРИЛОЗИ....92

***„Оние во чиј живот насилството е секојдневно присутно, го прифаќаат како природен дел од човековото битие. Но, не е така. Насилството може да се спречи. На своите деца најчуствителната група на граѓани, во секое општество- мора да им обезбедиме живот без насилство и страв.“***

**- Нелсон Мендела-**

## ВОВЕД

Како земја во транзиција, Република Македонија изобилува со низа промени и реформи во економскиот и социјалниот живот на граѓаните, особено видливи и присутни во Скопје како центар на збиднувањата, кои се рефлектираат врз состојбата на личноста на поединецот и групата. Тоа честопати доведува до состојба на стрес, изолација и дисфункција на семејствата, од што најмногу страдаат децата и младите. Младите се полни со негативен емоционален набој кој го покажуваат преку насилни акции врз околната средина со пораст на асоцијални нарушувања на детската личност, особено во периодот на пубертетот и адолесценцијата. Сето тоа има влијание врз емоционално-менталното здравје на младите и работата на образовните установи.

Децата и младите со асоцијално однесување немаат можност за интегративни активности со врсниците – секогаш се исклучени, маргинализирани или пак вклучени во посебни програми наменети само за нив. Така, и покрај законските и програмски определби во образованието, честопати се случува да не бидат применети современите пристапи за решавање на психоемотивните и социјални проблеми на учениците, туку со казнени мерки и исклучувања да се справуваат педагозите со нив, затоа што „го попречуваат нормалниот тек на наставата“. Со тоа уште повеќе се нарушува емоционалното и ментално здравје на децата и младите.

Честото пројавување на асоцијално однесување во училишната средина, особено во периодот на пубертет и адолесценцијата, и покрај зајакнатите мерки на надзор и обезбедување во средните училишта, наметнува размислување за решавање на проблемот со користење на иновативни пристапи за хомогенизирање на националните и етнички групи и нивното интеркултурно запознавање и едуцирање преку взаемни програмски активности и содржини на воннаставни активности.

Согласно актуелноста на овој проблем се наметнува потреба од интердисциплинарна теоретско-научна анализа на истиот со согледување на

причините за неговата присутност во образовните установи и изнаоѓање на начини за нивно спречување.

Активности за емоционалното и ментално здравје на адолесцентите подразбираат преземање на било кој тип на иницијативи, кои имаат за цел заштита и промоција на психосоцијалната благосостојба на личноста и превенција на емоционално - ментални нарушувања.

Менталната благосостојба е основа за еден квалитетен живот. Среќниот и самоуверен адолесцент, најчесто се развива во среќна и самоуверена возрасна личност, која допринесува со својата благосостојба за вкупната ментална благосостојба на нацијата и државата.

Емоционалното здравје и благосостојба кај младите луѓе има влијание врз самодовербата, доброто однесување, присуството на училиште, образовните достигнувања, социјалната кохезија, идното здравје и животниот успех.

Младиот човек со чувство за добра ментална благосостојба , поседува вештини за разрешување на проблеми, социјални компетенции и поставени животни цели.Тоа му помага да се соочи со ситуации на ризик, да избегнува ризично однесување, да избегнува секакви форми на насилство, да продолжи да биде продуктивен и понатаму.

Потребно е правилно распоредување на улогите и преземање на одговорностите од страна на сите возрасни индивидуи, кои се во секојдневна комуникација и се дел од животот на адолесцентите.

Пред сè, е потребно дефинирање на потребите на адолесцентите за одржување на добро емоционално и ментално здравје кај оваа возрасна група. Тоа подразбира развивање и негување на програми и активности на ниво на училиштето, кои предвидуваат ангажираност на адолесцентот во училишната средина и пошироко во локалната заедница.

Треба да се дефинира одговорноста за секоја група во заедницата која практикува активности и програми за подобрување на емоционалното и ментално здравје на адолесцентите.

Насилството е дефиниран ризик фактор за емоционалното и ментално здравје, кое од своја страна може да доведе до појава на останати ризик фактори како што се: изолацијата, социјалната исклученост, отфрлање од врсниците и дополнително да ги влоши емоциите на адолесцентите.

Всушност, потребно е да се изгради систем на комуникација со сопствените емоции, како и за комуникација со другите, изразувајки ги сопствените емоции.

Оние кои менаџираат со образовната политика треба да применуваат модели и техники за превенција, и одржување на емоционалното и ментално здравје на адолесцентите базирано на докази- веќе применети и докажани ефективни модели и техники. Сите докажани ефективни модели подразбираат активно учество на адолесцентите во сите активности и програми, како и нивно изјаснување за применливоста и ефикасноста.

Комуникацијата е најважната врска помеѓу стратегиите за намалување на насилството помеѓу учениците.

„Етимолошки, зборот „комуникација" потекнува од латинскиот збор communication, односно- соопштување, врска, сообраќај...Вака сфатена, комуникацијата е сложена појава и има широко значење. Токму затоа, таа најчесто се толкува во поширока смисла, односно како појава на праќање сигнали или информации од определен извор до определена цел."[1]

Добрата комуникацијата помеѓу директорот-наставниците-учениците во училиштето позитивно влијае врз формирањето на личностите на децата и младите и им отвара нови перспективи во изборот на начинот на живот и конструирање нови форми и содржини на родовиот идентитет и соживотот со „другоста".

„Граѓанинот и свеста за родовата еднаквост и негувањето на респектот кон културното разноличје во општеството се формираат во периодот на основното образование преку стекнување на информации, знаења, вештини и ставови што се градат во училиштето и во интеракциите со другите."[2]

Оттука, произлезе неопходноста од преиспитување на целите, содржините и активностите во наставните планови и програми, учебниците и наставните материјали што се применуваат во постоечките практики во основните училишта во Република Македонија.

Во услови кога Република Македонија е во потрага по создавање и практикување на модалитети, на применлива и одржлива политика на

---

[1]Котева-Мојсовска, Т.(2009), Педагошка комуникација, Педагошки факултет, Скопје,стр.1

[2]Прирачник за отстранување на дискриминацијата врз основа на етничката припадност, Фондација Институт отворено општество- Македонија, Здружение на граѓани за поддршка на меѓуетничкиот дијалог и развој на заедницата „Заеднички вредности", 2009, Скопје,стр.6

културната разноликост, прашањето за третманот на „другоста“ и „различноста“ се наметнува како едно од приоритетните.

Живеејќи во време на постојани промени и реформи, образовниот систем во Република Македонија ја има истата судбина и на тој пат. При напуштање на старото и прифаќање и прилагодување кон новото, дел од вредностите и постигањата се занемаруваат и се заборавaат за сметка на нови и свежи пристапи и решенија. Најверојатно е дека културниот, етничкиот и религискиот диверзитет во македонското општество обезбедува богат контекст за да децата и младите преку солидно воспоставена наставна програма,со широко опфатен родов и мултикултурен аспект, стекнуваат мултикултурно разбирање и вештини за ефективно функционирање на сите нивоа: во локалните заедници, внатре во нацијата и глобално во светот. Со воведувањето на родовата перспектива „искуствата и проблемите на жените и мажите стануваат интегрален дел на дизајнирањето, имплементацијата, мониторингот и евалуацијата на политиките и програмите во сферата на воспитно-образовниот процес.

Една од главните улоги на образованието е овозможување на децата и младите да развиваат интелектуални, социјални и практични умеења, значи и да ги разберат и применат методите за градење на демократијата и учество во демократските процеси како идни професионалци и граѓани.

Напредокот на демократски процеси значи и еднакво вклучување на родовите и културните вредности, на различните групи во сите сегменти и нивоа на образованието во општеството.

„Во училиштето се градат и ставови за начинот на однесување кон општествените норми и односи. Под влијание на целосниот училишен етос се обликува психо-социјалниот идентитет на родовите, такашто на учениците, припадници на различен род и културна група им се поставуваат задачи и очекувања, чиешто исполнување и прифаќање доведува до различна психо-социјална адаптација и одговорност.“[3]

Средното образование има секундарна улога како воспитно-образовен процес при формирање на ставовите во родовиот контекст кај женската и машката личност, особено кога женската личност има неограничени можности

---

[3]Димитроска Гајдоска Д.,( 2003),Подигање на свеста во врска со родовите прашања во средните училишта во Република Македонија:Искуства и препораки, Евро-балкан Прес, Скопје, стр.19

за градење самосвест и самопочит од аспект на својот родов идентитет, а воедно и од аспект на припадност на различни културни групи.

## 1. ДЕФИНИРАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ И ОСНОВНИТЕ ПОИМИ

Средните училишта на Градот Скопје за жал не се исклучок од појава на насилно однесување меѓу младите, присутна во речиси сите делови во светот, и има тренд на зголемување. Насилните инциденти во континуитет ја доведуваат во прашање безбедноста во училиштата и претставуваат ултиматвен императив за решавање на голем број институции и надлежни органи, односно за целата општествена заедница.

Денес, недвомислено е јасно дека насилството во училиштата е широк општествен проблем. Тоа е одраз и на насилството во општеството, надвор од училиштата, каде исто така, често се случува и понекогаш се оправдува. Со оглед на сложената и повеќестрана природа на насилството, очигледно е дека индивидуалните напори на училиштата сами по себе нема да бидат доволни да се остранат овие негативни појави. Научните сознанија покажуваат дека причините за насилството лежат во голем број на фактори кои се меѓусебно поврзани. Тука се вклучуваат продорни патријахални односи и модели на однесување, манифестирани во половата дискриминација во училиштата, насилство во домот, и недостаток на учество на училиштето во препознавање и донесување на одлуки поврзани со интервенција во случаите на насилно однесување. Покрај тоа, се јавуваат проблеми кои се однесуваат на физичките и хумани капацитети во училиштата, немање на простор, несоодветен возрасен надзор поради неможност да се воспостави контрола, безбеден транспорт и сл. Затоа, треба да се има предвид дека решавањето на проблемите поврзани со насилното однесување е деликатен процес, како и самата природа на проблемот и вклучува многу аспекти: социјален, психолошки, етички, правен, економски.

Во средните училишта во Град Скопје, во 2007 година, се реализираше проектот„Активно учество и поврзување на младите за истражување и акција

на темата насилство", од страна на Едукативниот центар за образование„Алгоритам".

Од активностите на учениците и наставниците вклучени во проектот произлезе иницијатива за донесување на декларација за ненасилство на средните училишта на Град Скопје и сите директори на 21 средно училиште од Скопје. Како предлог во оваа декларација беше посочена потребата за развивање на процедури, протоколи и програми за превенција на насилното однесување и интервенција и справување со него доколку се појави.

Потоа во 2008 година, беше спроведено истражување иницирано од Град Скопје на примерок од 2000 ученици од I и III година, според кое во сите средни училишта се застапени различни форми на насилно однесување. Истражувањето покажа дека најзастапена форма на насилно однесување е навредувањето и исмејувањето меѓу учениците што укажува на загрижувачко непочитување еден кон друг, кон разликите. Загрижуваат и податоците кои се однесуваат на уништување на инвентарот во училиштата и податоците за присуство на оружје (нож, палка и пиштол) во повеќето училишта преку што може да се види и односот кон средината и заедничките добра. Најчестите места каде што се случуваат тепачките се училишниот двор, автобусите и автобуските станици. Но, во истражувањето учениците покажаа дека имаат предлози и знаат како може да се влијае и да се намалува насилството во училиштата.

Во текот на учебната 2011/12 година, во средните училишта на Градот Скопје, во соработка со Алгоритам центар се реализираше проектот „Намалување на насилството и унапредување на безбедноста на училиштата". Проектот имаше за цел да ги обучи училиштата како да развиваат училишни политики и програми за превенција, идентификација и третман на училишното насилство. Постоењето на ваквите политики, програми и протоколи ќе придонесе кон намалување на насилството и унапредување на безбедноста на средните училишта.

Состојбата во која се наоѓа личноста во моментот на агресивно однесување е недвобојно емотивна состојба, со карактеристики на напнатост и возбудување.Од состојбата на возбуденост ќе зависи и интензитетот на реагирањето.Се смета дека поривот за агресивно однесување делумно е

инстиктивен, но интензитетот и начинот на пројавување се во зависност од опкружувањето во кое расте и се развива детската личност.

Емотивната основа на агресијата се базира на врската помеѓу стравот и фрустрацијата како резултат на перципираната закана. Насилството може да биде одраз на детската беспомошност или одраз на самопотврдувањето на идентитетот. Честопати етикетирањето на личноста како „невоспитан", „збеснат", „деликвент" може да биде извор на закани и повод за ново агресивно однесување, со што се создава еден саморегулирачки модел за зголемување на агресивноста.

Разграничувањето на агресивноста, агресијата и насилството ќе го определиме преку дефинирањето на нивните поими.

***„АГРЕСИЈА*** е поведение со кое се нанесува штета врз телото или душата на друг човек или самиот себе. Агресијата има за цел лична егоистична полза или полза за својата група. Таа е поведение преку кое единката се обидува да се справи со психичка или физичка навреда. Исто така, агресијата има за цел натпреварување заради средства, заради исхрана или одбрана. Поведението е функционален производ на нервниот систем, и е најзначајна карактеристика на личноста. "[4]

Удирањето и клоцањето друго дете, удирањето со раце и со нозе, омаловажувачки коментари, уништување на предмети, малтретитање на животни, бегање од дома, се однесувања кои се обележани како агресија во многу случаи. Некои реакции се пробни репертоари на однесување кои се одредени како манифестации на агресивно однесување. Постои наклонетост кон прифаќање на тие концепти кои опфаќаат пошироки аспекти на однесувања, така што ги поврзуваат различните опсервации.

На пример, едно дете може да удри друго од различни причини : затоа што ужива во тоа, затоа што го сака неговиот велосипед и итн.

Терминот агресија на дескриптивно ниво може да се опише како секое однесување на субјектот што резултира со повреда или деструкција на животни, луѓе или објекти. Но, на ниво на конструкција или посредувачки процес оваа дефиниција е многу поширока.

---

[4]Петров, Н.(2012), Ангажиран ученик-емоционално здрави училишта, Скопје,Алфа Медиапринт,стр.18

Според тоа, за определување на агресивното однесување важна е разликата помеѓу актите кои случајно водат до повредување и актите кои се со интенција. Ненамерната агресија има ефекти кои, исто така, резултираат со повреда, на пример, однесувањето на хиперактивно или несмасно дете може да произведе физичка болка на другите или уништување на имотот. Како и да е, овие ефекти се инцидентни последици на однесувањето на детето, и се ирелевантни за детето. Можно е кај некои деца несмасните и ексцесни активности да имаат несвесни агресивни компоненти. Според тоа, неможе да се каже дека секое однесување кое резултира со штета е агресија.

„***АГРЕСИВНОСТ*** е предиспозиција за избор на агресивни и натпреварувачки поведенија, како спротивност на алтернативни поведенија (покорност, соработка, бегање и сл.). Таа има квалитативно, а не квантитативно влијание врз агресивното поведение. Тоа значи дека агресивната компонента на тоа однесување е главен дел на неговото функционирање."[5]

Во групата мотивирачки агресивни акти се наведуваат инструментална агресија која води кон постигнувања на неагресивни цели и непријателска агресија, чија цел е повреда на некого или нешто. Истражувајки во литературата, што се однесува на агресијата кај детето се забележува дека таа се разгледува како еден вид однесување, без намера да се прави разлика меѓу инструменталното и мотивирачкото агресивно однесување.

Оние теории кои сметаат дека агресивноста е вродена водат кон тоа дека децата се родени со диспозиција да се нанесе повреда на некого, додека други теории ја објаснуваат како реакција на одредени ситуации.

Неопходноста за разликувањето на инструменталната агресија и агресивниот мотив станува голема и со повеќето теоретски пристапи. На пример, емоционалната реакција на лутина и бес е блиска со агресивниот мотив, но не е неопходно нанесување на повреди. Афективните реакции на лутината имаат адаптивна функција,комуникација со организмичка фрустрација, и му се закануваат на потенцијалниот непријател.

Деструктивните последици на лутината и бесот може да бидат инцидентни и може да се сметаат за еден вид мотивирачка агресија, заради врската меѓу

[5]Петров, Н.(2012), Ангажиран ученик-емоционално здрави училишта, Скопје,Алфа Медиапринт,стр.18

лутината и нејзиниот повредувачки потенцијал. Механизмите со кои лутината прераснува во агресивен мотив се важен развоен проблем.
Поврзаноста на лутината и агресивниот мотив е делумно и цел на дефинирањето на агресивниот мотив. Лутината повеќе се смета за енергизирачка, отколку за штетна состојба. Дури и кога афективните реакции на лутина се штетни, сепак треба да се прави разлика меѓу лутината и нанесување повреда.
Намерната или мотивирачка агресија не подразбира дека агресивното однесување на детето е свесно насочено.

Постојат многу дефиниции за насилство. Секоја од нив ја дефинира намерата да се нанесе повреда што го разликува насилството од другите негативни појави. Во оваа политика насилството ќе се дефинира во функција на негово препознавање, навремено реагирање, прекинување и санкционирање.

„***НАСИЛСТВО*** е сложен поим, кој се поврзува со сите институции, културни својства и поведенија кои го ограничуваат развојот на човечките потенцијали и ги спречувааат настојувањата на луѓето да ги контролираат своите тела, своите поведенија и својата општествена средина."[6]

Потеклото на насилството, според оваа дефиниција е исклучително од културното опкружување.

Насилството или виктимизацијата е определена на следниов начин: ученикот е злоставуван кога тоа е повторувано или тој е постојано изложен на негативни постапки од страна на еден или повеќе ученици. Негативна постапка е кога некој задава или настојува да задава повреди, или непријатности на другиот- во основа она што е вклучено во одредувањето на напаѓачкото однесување.

Според Светската здравствена организација ***насилство***е секоја намерна употреба на физичка или психичка сила/моќ. Насилството може да биде во форма на закана или пак, да вклучува употреба на сила, насочена кон себеси, кон друго лице или пак, кон друга група/заедница. Завршува (или може

[6]Петров, Н.(2012), Ангажиран ученик-емоционално здрави училишта, Скопје,Алфа Медиапринт,стр.18

да заврши) со физичка повреда, со смрт, со психичка штета, со нарушувања во развојот или со загуба.

### *1.1. Видови на насилство во училиштата и нивните последици*

Постојат бројни фактори за насилството во училиштата. Овде спаѓаат различните сфаќања за насилството, општествено-економските фактори, животот на ученикот во семејниот дом и надворешната средина на училиштето. На пример, може да постојат големи разлики меѓу културите и општествата во дефинирањето на тоа што претставува насилен чин или средина. Без оглед на културниот или социо-економскиот контекст на училиштето, насилството се случува како во физичка, така и во психолошка форма.

„Светскиот извештај за насилството врз децата ги идентификува основните форми на насилство на следниот начин:

- физичка и психолошка казна;
- малтретирање;
- сексуално и полово насилство;
- надворешно насилство: ефектите на бандите, конфликтните ситуации, оружјето и тепачките.“[7]

Во следниот дел се опишани горенаведените четири форми на насилство во училиштата со последиците по образованието.

- ***Физичка и психолошка казна***

Комитетот за правата на детето (ЦРЦ) го дефинира телесното или физичкото казнување како казна во којашто се користи физичка сила и којашто, колку и да е лесна, има цел да предизвика одредена болка или непријатност. Во образовната средина во таква казна спаѓа удирањето („шлапнување“, „шлакнување“, „плескање по задникот“) на ученикот со дланката или со алатка.

[7]http://e-demokratija.mk/dokuments/10157/29517/

Исто така, тоа може да биде и клоцање, тресење или туркање наученикот, гребење, штипење, касање, кубење, удирање по ушите, присилување на ученикот да стои во непријатни позиции, горење, вжештување или насилно миење на устата на ученикот со сапун. Телесната казна, според Комитетот, е крајно деградирачка.

Постојат и многу други нефизички форми на казнување, коишто се сурови и понижувачки. Во овие казни спаѓаат омаловажувањето, понижувањето, заплашувањето, заканувањето или потсмевањето на ученикот. Исто така, употребата на физичка сила од страна на лице што е поголемо и посилно дава јасна порака на сила, контрола и заплашување, потврдувајќи го фактот дека чинот на физичка агресија е тесно поврзан со психолошката агресија.

*Последици:*

Физичкото или телесното казнување остава сериозни последици врз менталното и физичкото здравје на ученикот. Тоа е поврзано со спориот развој на социјалните вештини, депресијата, анксиозноста, агресивното однесување и недостаток на емпатија или грижа за другите. Така, телесното казнување не е само штетно за ученикот или детето врз кое се применува, туку и за наставниците, негувателите и другите ученици и деца, бидејќи создава тешкотии коишто тешко ќе се надминат. Телесното казнување, исто така, предизвикува огорченост и непријателство,отежнувајќи ги добрите односи меѓу наставникот-ученикот и ученикот-ученикот во паралелката. Ја отежнува работата на наставниците, тоа е со мали ефекти, и е исклучително фрустрирачка. Понатаму, се занемарува наставата со која се поттикнува критичкото размислување кај учениците, донесувањето на здрави морални одлуки, негувањето на внатрешната контрола и решавањето на ситуациите во животот и фрустрациите на ненасилен начин. Ваквото казнување на учениците им покажува дека употребата на сила – дали е таа вербална, физичка или емотивна – е прифатлива, особено кога се применува врз помлади, послаби

поединци. Овој начин на казнување води кон сè поголем број на инциденти на малтретирање и кон општо насилство во училиштата.

- ***Малтретирање***

Се смета дека еден ученик е малтретиран кога подолго време е изложен на агресивно однесување, коешто намерно предизвикува повреда или непријатност преку физички контакт, вербални напади, тепачки или психолошка манипулација. Во малтретирањето спаѓа нерамноправната сила која вклучува задевање, исмејување, употреба на навредувачки прекари, физичко насилство или социјално исклучување. Децата може да учествуваат во малтретирањето сами или во група на врсници. Малтретирањето може да биде директно, на пример кога едно дете изнудува пари или предмети од друго дете, или инидректно, како на пример кога група ученици шири невистини за друго дете.

„Сајбер- малтретирањето претставува вознемирување преку и-меил, мобилни телефони, текст пораки и погрдни веб-страници. Децата се почувствителни доколку имаат некој недостаток, манифестираат поинакви сексуални афинитети или, пак, потекнуваат од малцинска етничка или културна група или имаат одредено социо-економско потекло. Малтретирањето понекогаш резултира во фатални физички напади.“[8]

*Последици:*

И кај децата кои малтретираат и кај жртвата циклусот на насилство и застрашување доведува до поголеми потешкотии кај личноста и слаб успех во училиштето. Поверојатно е дека учениците кои се малтретирани се депресивни, осамени или анксиозни и со низок степен на самопочит од нивните врсници. Децата кои учествуваат во малтретирање други деца често делуваат агресивно поради сопствените фрустрации, понижувања, бес и како резултат на изложеност на потсмев од социјалната средина.

---

[8]http://e-demokratija.mk/dokuments/10157/29517/

- ***Сексуално и родово насилство***

Се смета дека родовото насилство најчесто се појавува во психолошка, физичка или сексуална форма. Тоа е последица на истакнување на родовите нееднаквости, стереотипи и социјално наметнати улоги. Иако девојчињата се оние кои најчесто се изложени на овој вид насилство, тоа не ги исклучува и момчињата.

Родовото насилство во психолошка форма се однесува на исмејување и понижување на учениците пред околината, а чести се и појавите на вознемирување или искористување од страна на другите ученици, наставници или училишниот персонал. Физичкото насилство се однесува на телесно казнување на учениците, додека сексуалното се јавува во форма на сексуално психичко вознемирување или силување.

*Последици:*

Податоците коишто се однесуваат на изложеноста на учениците на сексуално насилство во училиштата се ограничени, поради тоа што жртвите не го пријавуваат чинот на сексуално насилство од страв дека ќе бидат посрамотени, жигосани, нема да им веруваат или дека ќе им се одмаздат.

Сексуалниот напад и другите форми на родовото насилство се значајни фактори за малата стапка на запишани и високата стапка на отпишани девојчиња. Родовото насилство не само што ги обесхрабрува девојчињата да одат на училиште, туку и родителите може да им забранат на своите ќерки од страв дека и тие ќе станат жртви. Сексуалното насилство врз момчињата во училиштето може да предизвика срам бидејќи тоа е често пати табу-тема.

Сексуалното и родовото насилство ги изложува учениците на опасност од заразни болести, коишто се пренесуваат по сексуален пат, од несакана бременост, на низок степен насамопочитување и намален успех на училиште. Тоа, исто така, има последици врз семејството и заедницата.

- ***Надворешно насилство: ефектите на бандите, конфликтни ситуации, оружје и тепачки***

Појавата на насилство помеѓу бандите во општеството, полициската бруталност, домашното насилство, влијаат врз однесувањето на учениците во училишната средина.

Насилството помеѓу бандите опфаќа тепање, бодење со нож, пукање, кое може да биде и смртоносно, особено кога се работи за трговија со наркотици. Насилството кое се случува во опкружувањето најлесно се пробива во училиштата. Учениците чувствувјки се небезбедни и несигурни, често со себе носат различен тип на оружје, и самата таа појава лесно може да резултира со насилство.

На тепачките секогаш им претходи конфликт, во кој е тешко да се направи разлика помеѓу жртвата и насилникот.

*Последици:*

„Кога учениците се вклучени во банди или живеат во заедниците во коишто бандите и дрогата се дел од начинот на живеење, тоа може да доведе до тепачки, оружје и насилство поврзано со дрога во рамките на училиштето.“[9]

Конфликтните ситуации може да ја намалат способноста на ученикот за учење и присуство на училиште. Конфликтите, исто така, може да имаат влијание и врз училишната инфраструктура, примањето на квалификувани наставници и дистрибуцијата, но и достапноста со наставни материјали.

Од извештаите од земјите во конфликт, утврдено е дека конфликтната ситуација ги изложува учениците на насилство, зголемувајќи го ризикот тие да бидат жртви во и надвор од училиштето.

---

[9]http://www.unicef.org/tfymacedonia/Priracnik za zapiranje na nasilstvoto vo ucilishtata-MK

***„НАСИЛНИК*** е личност со проблеми. Секој насилник е со своја посебност. Заеднички својства на насилниците се:

- вербално или физичко измачување на другиот;
- постојано се повредени, лути, исплашени и осуетени;
- загрижени се најмногу за задоволување на сопствените желби;
- бараат внимание, признание, моќ, позиции и слава преку искористување на другите;
- личности без одговорност-неспособни да гледаат во целост;
- одмаздољубиви за доживеаните навреди;
- создаваат конфликти со себе и друг."[10]

Секој насилник, некогаш бил жртва во својот живот. Искусил насилство и одговара со насилство. Всушност, насилникот е преоблечена жртва. Секој од нас бил насилник во некоја пригода. Од луѓето бараме да прават како што сакаме ние. Ги повредуваме послабите од нас, а сакаме да бидеме како подобрите.

Понекогаш од страв дека другите може да не повредат ние ги напаѓаме нив. Понекогаш насобраната лутина ја празниме врз други, кои се најмалку виновни за состојбата во која се наоѓаме.

[10]Петров,Н.(2012), Ангажиран ученик-емоционално здрави училишта,Скопје,Алфа Медиапринт,стр.20

## 2.ТЕОРЕТСКИ ПРИСТАП КОН ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Теоретски гледано, насилното однесување кај детето се поврзува со одредени карактеристики како што се: нивото на аспирација на анксиозност, недоволната самоконтрола, ниската самодоверба.

Насилното дете во општеството се смета за девијантно дете чије однесување е социјално неприфатливо во училиштето, па така и на глобално ниво тоа покажува други особености на неприлагоденост.

Его-контролата и нејзината улога во регулирање на импулсивното изразување, се од голема важност во начинот на однесување кај учениците.

За потврдување на хипотезата дека бунтовноста на агресивното дете треба да го направи поотпорно на општествените влијанија, се наведува негативната корелација помеѓу агресијата и персуабилноста.

Послабо истражувана област е врската помеѓу агресивното однесување и развојот на емпатијата, како и други позитивни социјални чувства.

Се реализираа многубројни проектни активности поврзани со превенција на насилството во училиштата. Училиштата пишуваа месечни извештаи според предвидените активности во проектот до координаторките на проектот, преку кои се информираа за реализираните активности.

Насилството е употреба на сила и моќ и предизвикува повреда и штета. Насилното однесување може да се случува во различни релации возрасен-дете, дете-дете, возрасен-возрасен.

„Насилство се физички пресметки и физичко казнување, малтретирање, сексуално вознемирување.

Ефекти од насилното однесување се:

- физички- модринки, гребнатини, исекотини, оштетени алишта и сл.;
- Емоционални- повлеченост, незадоволство, одбивање да оди во училиште, одбивање да зборува за проблеми, немир, агресивност...;
- Здравствени- губење на апетитот, болки во стомакот, главоболки, ноќно мокрење;
- образовни: проблеми со концентрација, отсуствување од училиште.

- Состојбата во која се наоѓа адолесцентот во моментот на агресивното однесување е недвојбено емотивна состојба со карактеристики на напнатост и возбудување. “[11]

Од состојбата на возбуденост ќе зависи и интезитетот на реагирањето. Се смета дека поривот за насилно однесување делумно е инстиктивен, но интензитетот и начинот на пројавувањето се во зависност од опкружувањето во кое расте и се развива детската личност.

Емотивната основа на агресијата се базира на врската помеѓу гневот, стравот и фрустрацијата како резултат на перципирана закана.
Агресивноста може да биде одраз на детската беспомошност или одраз на самопотврдување на идентитетот.

Причините кои влијаат за агресивно и насилничко однесување можат да се најдат во: семејството, пријателите, училиштето, медиумите, политичките лидери итн.
Агресивното и насилничко поведение кај поединецот потекнува од ситуации во неговиот развој, негрижа кон детето, незадоволување на основните потреби на детето, лошо и нетрпеливо однесување кон детето, постојани забрани и критики, малтретирање, разни видови злоупотреби, несакано дете, социјализација без правила за посакувано однесување и самоконтрола.

„Фактори кои дополнително ја помагаат агресијата се :
- постоење фрустрација во ситуациии кога од детето се бара извршување на одредена задача;
- анонимност во групата, па личноста не е одговорна за своите постапки
- извршување на наредби без приговор и размислување;
- присутност на личности од кои зависи како ке биде интерпретирана агресијата;
- присуство на агресивни слогани од типот „удри го“, „скрши го“, „уништи го“;

[11] Zuzul,M.(1989) ,Agresivno ponasanje,Zagreb,RZK RK SSOH,str.32

- агресивни приказни од медиумите кои се случуваат секојдневно, па децата се навикнуваат на агресивност, како на нешто секојдневно и нормално и
- злоупотреба на алкохол и психоактивни супстанци."[12]

Преку насилничкото поведение се создава чувство на моќ и расте самопочитта од една страна, како и одбрамбената моќ од насилничкиот свет, од друга страна. Насилниците бираат насилници за групирање бидејки имаат слични склоности, но и поради тоа што другите го одбегнуваат дружењето со нив. Честопати околината само ги обележува децата со проблеми во развојот и однесувањето, но многу малку прави за нивно вклучување во заеднички социјални активности со врсниците.

На тој начин пасивноста придонесува за развој на насилството, а насилниците стануваат пасивни набљудувачи на жртвите.

Појавите на насилничко однесување кај адолесцентите се состои од насилни и агресивни чиновина заплашување и физичко заканување, па сè до посериозни облици на напад и убиство.

Поголемиот број на млади луѓе што пројавуваат насилничко однесување, го прават тоа само одреден период на адолесценција, а не покажале, приметливо и препознатливо проблематично однесување како деца на помала возраст.

Привремените адолесцентни прекршители обично бараат возбуди и насилните дела вообичаено ги вршат во друштво или група пријатели.

Честопати, адолесцентите пројавуваат асоцијално однесување со ненасилни прекршоци, кои ако не се превенираат на време, во тек на својот развој би можеле да бидат надополнети од насилничко однесување и употреба на оружје.

Човекот е биолошко и социјално-општествено битие. Со самото раѓање поседува нагони и инстикти, но специфичноста е токму во социјализацијата на нагоните и инстиктите, поради што социјалните фактори имаат значајна улога во развојот и созревањето на личноста.

---

[12]Николовска С.,Универзитет„Св.Климент Охридски-Битола", Факултет за безбедност,Скопје,стр.12

## *3.ФАКТОРИ ЗА ПОЈАВА НА НАСИЛНО ОДНЕСУВАЊЕ ВО УЧИЛИШНАТА СРЕДИНА*

Истражувачите и теоретичарите кои се занимаваат со проблемот на насилното однесување во училишната средина, сметаат дека насилното однесување меѓу учениците е одраз на целокупната ситуација во едно општество. На појавата на училишното насилство влијаат сите промени кои се случуваат во политичките, социјалните, научните и образовни структури во општеството. Насилни (и ненасилни) ученици има во сите општествени слоеви, а исто важи и за учениците кои се жртви. Дали некој ученик насилно ќе се однесува зависи од голем број на фактори:

- општествено-економската криза во државата
- семејството
- карактеристиките на личноста
- средината

### *3.1. Општествено- економската криза во државата*

Осиромашувањето на општеството, невработеноста, оневозможувањето да се задоволат основните потреби, одредени воени состојби, миграциите и друго се причини кои младите ги доведуваат до безнадежност и депресија. Со тоа се создава поволен амбиент да се прошират и зацврстат сите облици на девијантно однесување на децата, учениците, младината и возрасните. Тоа е и една од причините зошто дел од младите стануваат насилници и се однесуваат агресивно, а голем дел од нив стануваат нивни жртви, жртви на многубројни облици на насилство.

Живееме во време кога родителите се ангажираат и размислуваат единствено за обезбедување на средства за егзистенција за нив и нивните деца, кога просветните работници не обрнуваат многу внимание на воспитувањето на учениците, бидејќи и самите се оптоварени со истите

проблеми, децата се препуштени сами на себе, на својата свест и совест, препуштени сами да го организираат својот живот, учењето и слободното време. Децата пак, недоволно созреани да го разберат тоа, борбата на нивните родители за егзистенција, сонуваат за живот кој го запознаваат од филмовите, а тоа е животот во раскош, живот без финансиски проблем и сл. За жал, нивните родители не се во состојба да им го овозможат сето тоа, а со самото тоа тие го губат угледот во очите на своите деца, кои не сакаат да се идентификуваат со нив, да бидат како нив, не ги почитуваат, ги обвинуваат за условите во кои живеат. Модели за нивна идентификација се лицата криминалци кои лесно заработуваат, најчесто на незаконски начин, лицата кои не ги почитуваат општествените норми, станале лесна жртва на многу пороци чиј животен стил се филмските остварувања.

### *3.2. Семејството - фактор за појава на насилно однесување*

Семејството не е прост збир на одделни негови членови, туку сложен систем на индивидуи кои живеат, комуницираат и функционираат во една заедница. Семејството постојано расте, се развива, а со тоа и се менува, како по бројот на членовите, така и по начинот на функционирање. Во семејството секој член има своја улога која определува права, но и должности во семејното функционирање.

Семејството како основна институција, претставува значаен фактор во воспитувањето и формирањето на детската личност. Најголемиот дел од времето детето го поминува во семејството. Затоа однесувањето на родителите и останатите членови во семејството влијаат на интелектуалниот, личниот и социјалниот развој на детето. Во училиштето детето ја продолжува веќе започнатата социјализација, учи, стекнува нови навики и одговорности, учи за правилата на новата средина.

Преку детето и во семејството се пренесуваат програмите, барањата и ставовите на училиштето. Детето е ставено во ситуација да ги воочува сличностите и разликите од двата система во кои го минува најголемиот дел од своето време, во кои расте, се развива и се формира како личност.

„Во современото општество, семејството е соочено со проблемот на интензивно намалување на неговата основна, воспитна функција, пред сѐпоради појавата дисфункционалност на семејството изразена преку :

- пореметени семејните односи;
- презафатеност на родителите со бизнис или престој во странство;
- постоење на конфликт, агресија;
- развод на брак;
- наркоманија;
- секаков вид на насилство;
- запоставување или занемарување на децата (глад, нехигиена и сл.) и
- неповолни материјални услови во семејството. "[13]

Неможноста да се задоволат секојдневните, како и зголемените потреби на младите, влијаат тие лесно и брзо да манифестираат различни развојни проблеми како на пример: училишна фобија (страв од училиште, немање желба да одат на училиште), проблеми во однесувањето (нетрпеливост, нетолеранција, нервоза, агресија), проблеми со училишниот успех (немотивираност, отсуство на внимание и концентрација), ноќни стравови, ноќни мокрења, емоционални проблеми, тикови и слично. Но, семејството како природна средина за развој на децата треба да им овозможи заштита, помош и атмосфера на среќа, љубов и благосостојба.

Семејството како основна клетка поврзана со општеството го губи својот авторитет и влијание. Грешката кај родителите е во пренагласувањето на значењето на материјалните вредности, па често се случува воспитувањето на децата да го остваруваат претежно со материјална стимулација, наместо со сопствен пример на љубов, доверба и одговорност. Во ориентацијата за материјалните вредности многу малку време останува за децата, па така тие недоволно контролирани во домот и училиштето многу рано почнуваат со непримерно однесување . Исто така, соработката меѓу училиштето и семејството затајува.

Транзиционите движења негативно се одразија и на економската и на социјалната моќ и цврстина на семејството. Со семејството како столб во воспитувањето на децата треба да се работи. Важна улога при тоа треба

[13]Popadic,D.(2009),Nasilje u skolama,Beograd:Radonic,str.190

даима училиштето. Меѓутоа, училиштето со години, на семејството не му го посветува соодветното внимание. Институциите на системот, сѐ уште на соработката на семејството и училиштето не сметаат како на фактор кој може во многу нешто да помогне во заштитата на децата и младите. Врз основа на податоците до кои дојдовме, поврзани со спроведеното лонгитудинално триесетгодишно истражување од страна на Џералд Патерсон, се утврдило дека родителското воспитание во семејството и условите на одгледување на децата делуваат на создавањето на насилник имајќи во вид четири различнифактори.

Првите два фактори се однесуваат на димензијата родителство, на родителската топлина и родителскиот надзор. Родителите кои не им даруваат топлина на своите деца, кои не се емоционално осетливи на потребите на децата, родителите кои на децата им пружаат малку емоционална поддршка, внимание и имаат мал интерес за нив, можат да придонесат нивните деца да станат непослушни, агресивни и да покажуваат проблеми во однесувањето. Особено важен е базичниот емоционален однос на родителите. Базично негативниот емоционален пристап, чија карактеристика е недостаток на топлина и внимание недвосмислено ја зголемува опасноста од подоцнежна детска насилност и непријателство кон другите.

Втората димензија на родителскиот стил е родителскиот надзор, степен во кој детето е надгледувано, дисциплинирано и насочувано. Родителите кои кај своите деца не воспоставуваат јасни граници на однесување, не ги учат што е дозволено, а што не, во своето однесување кон врсниците, браќата и возрасните, односно родители на деца кои се рамнодушни кон искажувањето на агресивност од страна на нивните деца, ќе ја зголемат детската агресивност, а со тоа ќе ја зголемат опасноста од подоцнежно насилно однесување. Всушност, заради изостанување на казни за детето, поради агресивно однесување, истото ќе ги зацврсти во својот репертоар агресивните реакции и тоа преку неусвојување на механизмот на агресивна инхибиција.

Третиот фактор на воспитание, кој го зголемува ризикот од подоцнежно насилно однесување е емоционалното и физичкото злоставување од страна на родителите или старателите. Присуството на насилство во семејството е фактор на ризик за манифестирање на агресивно однесување, а во согласност со тоа и насилно однесување во училишната средина. Ваквите видови на злоставување на децата, особено емоционалното злоставување и присуството

на насилство во семејството воедно претставуваат и фактори на ризик детето да стане жртва на насилство. Всушност, таа поврзаност не е директна, туку кај тие деца доаѓа до намалување на самодовербата, депресија, страв и слично. Тоа може да доведе до оддалечување од групата на врсници и изолација на децата, што во значајна мера ја зголемува веројатноста детето да стане жртва.

Четвртиот фактор на воспитание кој го зголемува ризикот детето да стане насилно е темпераментот на детето. Според некои истражувања децата кои со одредени потешкотии се воспитуваат, од најразлични причини, имаат повеќе проблеми во однесувањето. И бројните стресови (развод на родители, алкохолизам на родителите, хронични болести на членовите на семејството) на кои детето може да биде изложено во текот на одреден период од животот може да резултираат со зголемена агресивност.

Децата кои со потешкотии се воспитуваат, во интеракција со недоволно осетливи, недоволно стрпливи, недоволно истрајни и недоволно стабилни родители, може да развијат несигурна приврзаност со родителите, а родителите пак да реагираат агресивно на детето. Родителите треба да му помогнат на своето дете да создаде однос кон сопствените обврски, да ги препознае сопствените можности и да изгради самопочит и самодоверба. Затоа од големо значење е родителите да се научат како да бидат пример на позитивно однесување, да внимаваат на првите предупредувачки знаци кои ги манифестираат нивните деца кога нешто им се случува, да се научат на своите деца да им пружаат помош, а не казна. Потребно е да им се покаже како и кога можат да се вклучат во работата на училиштето.Родителите можат да им помогнат на своите деца само ако се информирани, едуцирани и збогатени со идеи за помош на нивните деца.

### *3.3. Карактеристики на личноста*

Карактеристиките на личноста како што се: пол и возраст, тешкотии во емоционалното и социјалното созревање, преживеаните стресови, недостатокот на самопочит, негативната идентификација (искривен модел), негативното влијание на врсниците, депресијата, намалената комуникативност, недовербата кон непознати, желбата за доминација, пасивноста, ограничените интереси, несигурноста, некритичноста, недоверливоста, начинот на

соочување со стресот, отсуството на вина и срам, непочитувањето авторитети и сл., можат да бидат причини за појава на насилно однесување.

Во контекст на ова мора да се напомене дека наставниците, родителите и стручните соработници мора да ја поттикнуваат емоционалната интелигенција кај ученикот (сигурноста, љубопитноста, целисходноста, самоконтролата, поврзаноста, способноста за комуникација, спремноста за соработка) со што ќе се постигнат позитивни ефекти во развојот на емотивно здрава, отворена, слободна, креативна и комуникативна личност на ученикот. Само така ученикот успешно ќе комуницира со сите субјекти во училиштето и надвор од него.

### *3.4.Факторот средина и појавата на насилно однесување*

„Факторот средина ги опфаќа влијанијата на средината врз ученикот, лошото друштво, улицата како и неорганизираното користење на слободното време. Во услови на невоспоставени јасни граници на однесување, насочување и укажување на вистинските вредности на човекот, неорганизирано слободно време, постојат реални предуслови учениците да се појават со нарушено однесување. “[14]

Како воспитно-образовна институција, од училиштето се очекува да го намали насилното однесување помеѓу учениците, да ги оспособи за морално и одговорно однесување како во училиштето, така и во семејството и општеството.

Мора да се спомене недоволната ангажираност на воспитно - образовниот кадар кој недоволно настојува да го канализира и организира времето на учениците во училиштата и другите воспитно-образовни институции. Занемарена е воспитната компонента која е важен фактор и која секако има свој придонес во зголемувањето на асоцијалното однесување на младите.

„Поголем број на негативности кои се поврзани со однесувањето на младите не се предизвикани од новото време во кое тие ја живеат својата младост, туку се стандардни или стабилни законитости поврзани со растежот и

[14]Popadic,D.(2009),Nasilje u skolama,Beograd:Radonic,str.190

созревањето на секоја генерација. Како младите ќе растат, ќе се развијат и оформат зависи од општествената стварност. Како младите ќе се однесуваат во училиштето зависи пред сè, од тоа дали тие се однесуваат според вкупната морална клима што владее во училиштето, дали отстапуваат од неа и во која насока се движат."[15]

## *4. УЧИЛИШНА КЛИМА*

Организациската клима е чувство за организацијата, односно индивидуалните и споделените перцепции и ставови на членовите на организацијата. Додека организациската култура има длабоки корени во природата на организацијата коишто се резултат на долгорочното постоење и опстојување на формалните и неформалните системи, правилата, традициите и обичаите, дотогаш организациската клима е краткорочен феномен создаденод постојното водство. Климата ги одразува верувањата за чувство, што за организацијата го имаат нејзините членови.

Создавањето на пријатен амбиент во кој се остварува воспитно – образовниот процес, вклучувајќи ги тука покрај материјално – техничките услови и меѓусебните односи на сите учесници во реализацијата на процесот, ја претставуваат климата на училиштето. Во училиштата во кои недостига заемна доверба помеѓу вработените, каде што постојат конфликти, вработените се збунети и затворени за соработка. Најголемиот дел од својата енергија ја трошат на решавање на проблемите кои произлегуваат од нивната ниска самодоверба и почит.

Заемната доверба и соработка помеѓу вработените е неминовна за успешна работа. Ученикот може да биде успешен согласно своите интереси и развојни предиспозиции и затоа треба да се организира таква работна средина која ќе овозможи добри услови за работа на учениците и на наставничкиот тим.

Климата на едно училиште е дел од организациската структура и практично се занимава со амбиентот во него.

---

[15]http://eprints.ugd.edu.mk

„За да се изгради позитивна клима потребно е директорот на училиштето одлично да владее со сите пет карактеристики на однесување на водач и тоа:

1.стручна

2.кадровна

3.едукативна

4.симболичка

5.културна“[16]

Но, покрај директорот за создавањето и одржувањето на климата во училиштето, секако допринесуваат и наставниците и учениците со своето однесување во него и надвор од него.

Воспоставувањето на чести контакти со родителите, исто така оди во прилог на подобрување на училишната клима, како и верувањето дека секое дете може да биде добар ученик.

„За едно училиште велиме дека има добра клима кога тоа има:

- воспоставена уредна и пријатна средина за работа;
- воспоставен систем на вредности и систем на наградување;
- воспоставена атмосфера на ред и дисциплина;
- воспоставена добра соработка со родителите;
- воспоставен систем за развивање на позитивни ставови кај персоналот;
- воспоставен систем за донесување и спроведување на одлуки и
- воспоставен систем на отворени и чесни комуникации.“[17]

### *4.1. Фактори кои ја определуваат училишната клима*

Секој сака да постигне што поголема ефективност во својата организација. Атмосферата во која се работи значително влијае на резултатите.

---

[16]Петковски,К.(2009),Деловно лидерство,Скопје,УТСМ,стр.25

[17] Котева-Мојсовска, Т.(2009), Педагошка комуникација, Педагошки факултет, Скопје,стр.23

„Фактори кои меѓусебно се преплетуваат, ја детерминираат организациската клима, кога станува збор за училиштата –училишната клима се :

- материјално – техничките услов;
- финансиските услови;
- човечкиот фактор. "[18]

*Материјално - техничките услови* произлегуваат од училишниот објект во кој се изведува наставата, неговата непосредна околина, опремата и нагледните средства со кои располага, уреденоста и пространоста на просториите каде што се изведува воспитно – образовниот процес и нивната употребливост заради олеснување на секојдневните активности.

Финансиските услови се уште еден предуслов за создавање и одржување добра училишна клима. Тука спаѓаат финансиските примања, бенефицииите кои може да ги овозможи организацијата во корист на работникот како резултат на воспоставениот систем на вредности и награди.

Приматот меѓу факторите сепак го има човекот. Меѓучовечките релации кои се актуелни во колективот придонесуваат за создавање или намалување на ефективноста на училиштето. Начинот на комуникација, прифаќање на училишните добра и посветеноста кон организацијата се дел од изградената училишна клима. Кога се мисли на човечкиот фактор во едно училиште не се мисли само на наставниците туку, тука спаѓаат и учениците, родителите и директорот. Нивните комуникациски релации секојдневно се преплетуваат заради исполнување на работните задачи и влијаат еден на друг.

Едно современо училиште не може да се замисли без соработка со родителите на учениците, нивното организирање и неизбежното континуирано контактирање. Со тоа и потребата од одржување на позитивна клима во тие релации е доста значајна.

Факторите на училишната клима се меѓусебно испреплетени така што постојано делуваат еден врз друг.

Современиот начин на живеење бара од училиштата современ приод во воспитно-образовниот процес. За таа цел, иновациите во образованието стануваат секојдневие. Разновидните проекти кои се имплементирани во

---

[18] Котева-Мојсовска, Т.(2009), Педагошка комуникација, Педагошки факултет, Скопје,стр.27

наставата, овозможуваат во центарот на истата да се најде ученикот и неговите индивидуални потреби, секако во соодност со потенцијалот, интересот и способностите на ученикот.

За успешно работење на училиштето, за постигнување на повисоки резултати, за да можат учениците полесно да се развијат и да ги задоволат своите потреби, потребна е блиска и непосредна соработка со семејството. Секојдневната реалност покажува дека времето што родителите и децата го поминуваат заедно во текот на денот е се помало.Речиси сите родители се наоѓаат во ситуација да балансираат помеѓу сопствените работни задачи и потребите на семејството.

Училиштата мора да одговорат на потребите на родителите и учениците преку воспоставување на партнерски односи со семејствата, преку вклучување на родителите во животот на нивните деца. Вклучувањето на родителите во работата на училиштето е од голема важност како за учениците и родителите така и за училиштето, а имајќи предвид дека истото функционира и живее во локалната заедница, повлекува важност и за заедницата пошироко. Инволвирањето на родителите во воспитно-образовниот процес, неминовно доведува до зголемена меѓусебна помош во постигнувањето на повисоки образовни резултати, квалитетно решавање на тековните и заедничките проблеми, размена на искуства и идеи и до подобрување на условите за работа во училиштето.

Имајќи го во предвид значењето од поврзаност на учениците и родителите во процесот на образование кое се потврдува со постигнатите резултати на учениците, нивната редовност и однесување, се поставува прашањето како да се вклучат родителите во училиштето.

„За таа цел, потребно е во училиштата да се креира позитивна училишна клима која ќе им овозможи на родителите пријатно да се чувствуваат во училишните простории, а кон нив да се гледа со почит и доверба. Училиштата кои што креираат клима на добредојде за родителите стануваат ефективни и се во состојба да воспостават партнерство со семејствата. “[19]

---

[19]Котева,Т.(1996),Детето-рамноправен субјект во воспитанието и образованието,Битола,Гоцмар,стр.25

### *4.2. Структурни елементи на училишната клима*

Постојат елементи кои се од фундаментално значење за создавање и одржување на училишна клима. Некои од нив се многу блиски по значење, а некои се преплетуваат до толку што невозможно е да се замислат едни без други. Така, во училиштата во кои има изградена здрава клима за работа се подразбира дека се инкорпорирани веќе поголем дел од елементите на училишната клима, а тоа се: колегијалност, толерантност, флексибилност, несебичност, заемна соработка, доверба, совесност, одговорност, самопожртвуваност, самоконтрола, отвореност, чесност и аргументираност. И обратно, во училиштата каде што недостасува еден елемент на училишната клима, реално е да се очекува дека недостасуваат барем уште половина.

За да постои колегијалност, потребно е да постои меѓусебна почит и тимска работа. Исто така, важни се состаноците на активите, постоење интерна обука од страна на менторите на одделни проекти, заради размена на мислења и пренесување на сопствените знаења и искуства, преку континуирана комуникација, одржување на отворени часови, размена на материјали поради искористување на креативноста на колегите итн. Апсурдно е да се зборува за колегијалност и другарување во еден колектив, ако во истиот не постои толерантност, флексибилност и несебичност.

Толерантноста значи градење и постојано негување за прифаќање на туѓите мислења и постапки.Тоа е единствено можно со покажување на висок степен на трпеливост, попустливост, обзирност и респектираност од страна на вработените.

Флексибилноста може да се развие во две насоки. Едната, конприспособување и еластичност поради добрите колегијални односи, а другата во насока на променливост, снаодливост и пластичност на вработените во училиштето кон позитивните промени во воспитно-образовниот процес.

Несебичноста претставува постојано и целосно „давање“ себеси, своето знаење и способности заради соработка и соживот меѓу вработените. Сето тоа е во интерес на заедништвото.

Заемната соработка доведува до атмосфера на размена на идеи и разни искуства меѓу вработените во училиштето, стекнати врз база на примената на различни наставни форми, методи и нагледни средства. Тоа не би можело да се оствари доколку во училиштето не постои заемна почит што зборува за изградено чувство за меѓусебно респектирање и уважување меѓу вработените во однос на нивната личност, како и во однос на нивната работа.Еден од поважните елементи за пријатна училишна клима е довербата. Се темели на соработка и тимска работа, заемна почит и добронамерна критика, искреност и самокритичност, колегијалност, несебичност и чесност, меѓусебно разбирање, толерантност и флексибилност, размена и примена на искуства, како и постоење пофалби и награди што ќе доведат до мотивација и охрабрување за натамошен позитивен однос кон работата.

Присуството на доверба во колективот доведува до градење, зацврстување и зачувување на односите на сигурност меѓу вработените, а во исто време значи создавање подлога за искрена комуникација, метакомуникација, како и дискреција во контекст со потребите и барањата кои ги наметнуваат работните задачи.

Совесноста не може да се замисли без: колегијалноста, одговорноста, чесноста, самокритичноста и точноста.

Одговорноста може да се разгледува од два аспекти:

- одговорното однесување кон работните задачи и кон се она што се случува во училиштето и подразбира навремено извршување на активностите што понатаму ќе произведе лично и колегијално задоволство, лична сатисфакција и професионален напредок на поединецот, а преку него и на колективот во целост;
- неодговорно однесување кон работата, како доцнење, неизвршување или навремено извршување на работните задачи, повлекува непочитување на своето и времето на другите, нервоза и попречување на целокупната работа, лош пример за учениците, новите наставници и останатите субјекти, оштетување на учениците во однос на времетраењето на часот итн. Затоа во контекст на одговорноста и совесноста не смее спогодбено да се разговара.

Што се однесува до самопожртвуваноста во комуникацијата треба да биде постојано присутна затоа што недостатокот на самоконтрола значи грешно работење.

Во процесот на комуникација кај вработените од исклучително значење е добронамерната и ненавредлива критика.

Умешноста е да може да се разликува она што е добро и вредно, од она што е лошо и неквалитетно. Критиката треба да има корективна цел. Слично е и со самокритичноста која е особина на работник со високи перформанси .

Отвореноста и чесноста ќе овозможат целосно елиминирање на дволичноста и лицемерието, а ќе се гради и шири атмосфера на задоволство и отворена и чесна комуникација како еден од условите за унапредување на воспитно-образовниот процес.

Аргументираноста треба да е присутна во секојдневната комуникација во колективот со што ќе се постигне повисока стручност и неразводнување на дискусиите. Често вработените инсистираат на сопствена доследност во извршувањето на обврските или во поглед на сопствените ставови, упорност во реализирање на обврската без оглед на тешкотиите и препреките на кои ќе се наиде.

Сите елементи претставуваат унија на култура на однесување во еден колектив.

### *4.3. Училишната клима и појавата насилно однесување на учениците*

Училиштето на децата треба да им обезбеди знаења кои ќе бидат функционални и ќе им послужат во животот. Знаењето на учениците го следат наставниците. Во согласност со законската регулатива, за секој ученик наставникот јавно определува оценка. Оценката има силно мотивирачко влијание врз учениците. Стана традиција, во семејството возрасните да ги плашат децата од училиштето и оценките. Од децата се бара да бидат послушни и да учат. Од секое дете се бараат одлични оценки без оглед на капацитетот на детето. Потфрлувањето на училиштето и доделувањето на незаслужени оценки на крајот на учебната година го рушат угледот на наставниците пред учениците, а тоа доведува до разочарување кај вредните ученици.

На многу работи не им се обрнува должно внимание. Во училишната средина каде што се изведува воспитно – образовниот процес конфликтните ситуации се дел од секојдневниот живот.

Нарушената комуникација е честа причина која доведува до конфликтна ситуација во училницата како на релацијата ученик – ученик, така и на релацијата ученик – наставник. Предмет може да биде содржината на воспитните или образовните пораки, како и емоционалната димензија на меѓусебните односи. Потеклото може да биде од самото училиште и надвор од него. Таквите ситуации во училницата се јавуваат како резултат на различни причини: искривени убедувања, проблеми со меѓусебно вреднување, фрустрација, различни критериуми од страна на наставникот кон учениците, погрешни проценки, страв, напнатост, предрасуди, нетолеранција, а понекогаш и недостаток на смисла за хумор, го оневозможува правилното сфаќање на пораките. Ако наставникот сака да има успех, во комуникацијата со учениците треба да се негува атмосфера на меѓусебно разбирање и почитување.

Во едно училиште со позитивна и топла клима во која децата се чувствуваат сигурни и слободни, со развиена самопочит, одговорност и општествени вештини, не треба да постои: дискриминација на учениците (во зависност од пол, место на раѓање, општествена позиција на родителите, успех на учениците); некоректно однесување на наставниците кон учениците (заради тоа што модерно и скапо се облекуваат, не се потстрижуваат, доаѓаат на училиште шминкани); неприродни односи меѓу наставниците и учениците (страв, анксиозност, разни видови повреди на нивната личност, фрустрација, тензија); субординација (барање послушност и покорност од учениците).

Во спротивно учениците ќе покажат облик на насилно однесување кон училиштето, нивниот револт ќе биде насочен кон училиштето или наставникот кој во очите на учениците се крута „училишна норма". Учениците ќе се чувствуваат неуспешни, често понижени од наставникот и училиштето во целина, кои ги етикетираат како „непоправливи", „глупи" итн. Овие „тешки" ученици ќе се „афирмираат" создавајќи една хиерахија на инверзни вредности во однос на оние во училиштето и училишните норми кои ги пропишува државата. Учениците ќе се спротивставуваат на наставниците, при тоа, индиферентно ќе се однесуваат спрема казната, повикувајќи се на поредокот кој и тие самите го отфрлаат. Така, ќе се појават ученици кои ќе ги

застрашуваат наставниците, упатувајќи им лични навреди, а кон другите ученици во одделението ќе наложуваат закон на молчење.

## *5. УЧИЛИШТЕТО И ВРСНИЦИТЕ*

Насилството помеѓу самите деца во училишната средина како и помеѓу децата и наставниците е значаен проблем во државава.

Во адолесценцијата учениците изразуваат различности, нетрпеливост, тврдоглавост, како резултат на многуте физиолошки и емотивни промени преку кои ја изразуваат својата индивидуалност, своето постоење, своето сознание и своите желби и убедувања кои не секогаш се идентични за другите ученици и индивидуи. Дотолку повеќе што, училиштето е место каде што се видливи различностите во когнитивното подрачје на личноста, различностите во социо-културното потекло, што од своја страна претставува подлога за појава на нетрпеливост и агресивно однесување кај адолесцентите поради ненадминување и неприфаќање на тие различности.

Бегањето од часови, самоистакување преку правење проблеми, покажување на физичка сила, се „вредности“ кои младите повеќе ги почитуваат, наместо доброто поведение и знаење. Тие многу лесно ги погазуваат моралните вредности.

Електронскиот пат на социјализација, без жива комуникација, ги прави децата да бидат со помалку емоции, во пасивна состојба, со негативни модели на однесување.

### *5.1. Агресивно однесување во училиштето*

„Во училиштата се изразуваат повеќе видови агресивно однесување. Најчести се: пасивно-агресивно однесување, асертивно-агресивно однесување и насилничко однесување.“[20]

Пасивно-агресивно однесување е штетно и како однесување на ученикот и како однесување на наставникот. Тоа директно го погодува идентитетот на

[20]Батиќ,Д.(2010),Безбедност во училиштата,НИК,Скопје,Нова принт,стр.31

ученикот. Со тоа однесување ученикот неможе да го развие позитивниот идентитет. При таквото однесување се игнорираат туѓите потреби , а нема борба за сопствените потреби.

Наставниците кои казнуваат, навредуваат односно насилно се однесуваат, се исто опани како и насилните ученици. Нивното однесување ги поттикнува учениците непримерно да се однесуваат, да ги задоволуваат своите потреби на сметка на другите и притоа да сметаат дека нивните постапки се оправдани и правилни.

Во училиштата се јавува и прикриена агресија, која за воспитанието и за образованието е посебно штетна. Таа се гледа во парадоксалната комуникација на наставникот. Тој е нејасен, контрадикторен, дава нереални совети, ги збунува учениците со својата недореченост и неразбирливост.

Посебна форма на прикриена агресија е мистифицирањето, а тоа е кога ученикот почнува да верува во тоа во што не верувал, го прифаќа она што во суштина не го прифаќал.

Прикриената агресија е злоупотреба на слабостите на ученикот, заборавање на ветувањето, погрешно разбирање на пораките на ученикот, како и игнорирање и омаловажување на се што е позитивно кај ученикот, а забележување на неговите пропусти.

Потиснувањето на агресијата исто така, доведува до пореметување на личноста. На прво место е депресивноста која е често и скриена форма на агресијата кон другите, потоа анксиозност, соматизација на потиснатите агресивни тенденции, опсесивност со агресивни содржини, параноидност, па дури и самоубиство. Тие ученици не се во состојба да ги совладуваат професионалните и животни задачи.

### *5.2. Карактеристики на учениците-насилници*

Заеднички својства на сите насилници се што вербално или физички ги измачуваат другите, тие се повредени, лути, исплашени и осуетени, загрижени се најмногу за задоволување на своите желби, бараат внимание, признание и моќ, а за да го добијат тоа што го сакаат ги користат другите луѓе, се одмаздуват за доживеаните навреди, не се способни да гледаат во целост и затоа се луѓе без одговорност.

Учениците насилници ги карактеризира агресивноста која ја покажуваат кон врсниците но и кон возрасните.

Во повеке случаи тоа се момчињата кои се физички појаки од жртвата и често се успешни во спортските игри. Сакаат да доминираат, да ги контролираат другите, да ги потчинуваат, да ги исмејуваат, а притоа немајки ни сочувство кон своите жртви.

Сметаат дека на тој начин ке ја импресионираат својата околина. Импулсивноста е исто така една од карактеристиките на учениците насилници, тие тешко поднесуваат неуспех, имаат просечна популарност меѓу останатите, која со текот на годините опаѓа. Обично се склони кон лажење, не прифакаат одговорност и им недостасува емпатија.

Антисоцијалното однесување го искажуваат релативно рано, пушење, алхохолизирање и кражби, и голема е веројатноста подоцна да го манифестираат криминалното однесување.

### *5.3. Карактеристики на учениците-жртви во насилството*

Заеднички карактеристики на жртвите се дека тие се засрамени, бессилни, тажни, користат говорни изрази со кои покажуваат инфериорност, послушност,бараат заштита од родителите или од други посилни, не привлекуваат внимание врз себе.

Децата жртви се по правило телесно послаби од своите врсници (посебно важи за момчињата), помалку се успешни во спортовите, имаат послаба телесна координација.

Плашливи се и несигурни и лесно стануваат дел на напади иако некои од нив се успешни во училиштето и во креативните активности.

Не се склони кон насилство, не ги предизвикуваат другите и обично се повлекуваат. Другите деца ги „задеваат“, им се потсмеваат, ги омаловажуваат и слично. Но често и ги туркаат, ги удираат, им ги земаат книгите, парите и другите нивни работи. Често се исклучени од групата врсници и не се сакани од групата за игри. Додека се помали се наоѓаат во близина на наставничката или на други возрасни лица.

„Истражувањата покажуваат дека злоставувањето во училиште може да има долготрајни негативни последици на жртвата. Типичните жртви често се

плашат да одат во училиште и се жалат на главоболка. Во односот со другите ученици покажуваат недостаток на самопочитување, изложени се на ризик подоцна да станат анксиозни, депресивни, понекогаш и суицидални. Често молчешкум страдаат, мислат лошо за себе и имаат недостаток на пријатели. Може да им е тешко да одат на училиште и да се концентрираат на работата."[21] Има мал број ученици кои се истовремено и жртви, но и насилници. Станува збор за таканаречени „провокативни жртви" и тие се најчесто момчиња. За нив е карактеристично дека се со импулсивна природа, настојуваат да возвратат на нападите, но обично без голем успех. Често се хиперактивни незрели ученици кои создаваат напнатост и заради тоа предизвикуваат ненаклонетост и од страна на наставниците. Понекогаш и самите ги злоставуваат и послабите од себе.

Со возраста опаѓа и бројот на ученици кои се изложени на насилство. Насилството помеѓу постарите деца и адолесцентите може да поприми многу посериозни форми, како што се употреба на оружје, убиства, вклучувајќи напади не само врз деца туку и врз возрасни. Имајќи ги предвид подоцнежните проблеми со кои можат да бидат соочени и насилниците и жртвите, во светот почнуваат да се развиваат разни програми заради намалување на насилството во училиштата.

## *6.ОСНОВА ЗА КРЕИРАЊЕ НА СТРАТЕГИЈА ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА НАСИЛСТВОТО ВО УЧИЛИШТАТА*

Основа за креирање на стратегијата за намалување на насилството во училишта се:

- **Уставот на Република Македонија** кој ги зацртува слободата и правата на сите граѓани на Република Македонија, меѓу кои и право на образование достапно на секого подеднакви услови како и право на здрава животна средина.

[21] Muheva-Skaric,O.(2007),Nenasilna transformacija na konflikti,Filozofski fakultet, Skopje, str.20

- **Законот за основно образование, член 3, 33, 53 и 64**(„Службен весник на Република Македонија" бр.103/08,33/10,116/10, 156/10, 18/11 и 51/11) во кој се дефинирани основните цели и услови за хармоничен, интелектуален, емоционален и социјален развој на учениците, развивањето самодоверба, одговорност за сопствените постапки, почитување на различноста, основните човекови права и соработка. Со овој закон се забранува телесно и психичко малтретирање на ученикот и се предвидува советување на родители доколку ученикот насилно се однесува.

- **Законот за средно образование,** член 51 и 58-а („Службен весник на Република Македонија„ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 81/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08,33/10,116/10, 156/10, 18/11и 51/11) забранува телесно казнување и психичко малтретирање на ученикот и предвидува советување за родителите доколку ученикот упатува навреди, учествува во тепачки и други форми на насилство.
- **Закон за социјална заштита,** член 19, 93(„Службен весник на Република Македонија„ бр.79/09, 36/11 и 51/11),го поставува правото на дневно и привремено прифаќање и згрижување за лицата жртви на семејно насилство преку давање советодавни услуги и можности во период од најмногу шест месеци со можност за продолжување за уште шест месеци.

- **Закон за заштита на децата,** член 2, 3-а, 9(„Службен весник на Република Македонија„ бр. 98/00, 17/03, 65/04, 113/05, 98/08, 107/08, 83/09, 156/09, 51/11 и 157/11) ја овозможува примената на правата на децата и обврските на родителите, ги дефинира условите неопходни за обезбедување животен стандард што одговара на физичкиот, менталниот, емоционалниот, моралниот и социјалниот развој на децата. Со овој закон се гарантира заштита на децата од било каква форма на дискриминација, сексуално искористување и злоупотреба, психичко и

физичко насилство, малтретирање, казнување, сите видови на експлоатација, комерцијално искористување и почитување на правото на детето на слобода и безбедност.

- **Закон за локална самоуправа** член 22-1/8(„Службен весник на Република Македонија„ бр.4/02) со кој се утврдува надлежност на општините во Образованието и основање, финансирање и администрирање наосновни и средни училишта, во соработка со централната власт, восогласност со закон, како и за организирање на превоз и исхрана на ученици и нивно сместување во ученички домови.

При пишување на стратегијата за намалување на насилството се имаа во предвид следниве актуелни состојби, програми и документи:

- Капацитетите на човековите ресурси на Институциите (МОН, Биро за развој на образованието, Државен просветен инспекторат, Управа за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците, Центар за стручно образование и обука, Педагошката служба и училиштата).
- Програмата за „Превенција и намалување на насилството во училиштата“ во чии рамки се спроведени обуки за училиштата за воспоставување училишна програма за превенција и намалување на насилството во училиштата.
- Стандардите и Програмата „Училиште по мерка на детето“ која се залага за обезбедување инклузивна, здрава и безбедна средина за сите деца вградена во Концепцијата за ново деветгодишно основно образование.[22]
- Програмата Образование за животни вештини како поддршка во превенцијата на насилството во училиштето преку развивање на самодовербата, позитивната слика за себе, идентификување и справување со емоциите, развивање на комуникациските вештини, прифаќање и почитување на разликите.
- „Стратегијата за интегрирано образование која придонесува кон поголема меѓуетничка интеграција и намалување на стереотипите и

[22] http://bro.gov.mk/?q=osnovno-obrazovanie

предрасудите како извор на конфликти и насилство. Имплементацијата на Стратегијата за интегрирано образование е еден од клучните фактори кој придонесува за намалување на насилството со развивање на компетенции за меѓуетничката и меѓукултурната толеранција.

- Националниот план за акција за заштита на детските права во Република Македонија 2005-2015.
- Заеднички Протоколот за постапување во случај на семејно насилство[23]
- Искуствата на Локални совети за превенција формирани во општините[24]
- Концепција за изработка на учебник и методологија за вреднување на учебници.[25]

## *6.1. Принципи на стратегијата*

Стратегијата за намалување на насилството во училиштата 2012-2015 изработена од МОН, се базира на следниве принципи:

- Еднакви образовни можности на сите ученици без разлика на нивните психо-физички способности, пол, етничка и верска припадност и социјално потекло;
- Секој ученик има право на безбедна и грижлива средина за учење, раст и здрав развој;
- Активно учество и взаемна соработка на сите чинители на воспитно-образовниот процес во развојот и одржувањето на безбедна училишна средина во која се почитуваат разликите од секој вид;
- Сеопфатен училиштен пристап базиран на учество на сите засегнати страни – учениците, наставниците, родителите;
- Ненасилство, ненасилно разрешување на конфликти и недискриминација по сите основи во остварување на правата на воспитание и образование на секое дете;

---

[23]http://nkt.mtsp.gov.mk/nkt/content/Documents/Protokol.mkd.pdf

[24]http://www.moi.gov.mk/DesktopDefault.aspx?tabindex=o&tabid=271

[25]http://bro.gov.mk/?q=koncepcii-za-izrabotka-na-ucebnik-i-metodologija-za-vrednuvanje-na-ucebnik

- Почитување и промовирање на правата и одговорностите на учениците, наставниците и родителите и поттикнување на одговорност кон себе и сопствените избори, грижа за другите во заедницата и животната средина;

## *6.2. Општа цел на стратегијата*

„Стратегијата за намалување на насилството има цел да овозможи услови за спречување на секој вид насилство развивајќи пријатна и стимулативна училишна клима и соживот во училиштата, со вклученост и соработка на сите клучни чинители во воспитно-образовниот процес од централно, локално и училишно ниво.“[26]

Стратегијата придонесува за создавање безбедна и здрава училишна средина ослободена од насилство која стимулативно делува на психо-социјалниот и емоционалниот развој на сите ученици, како и на постигнувањето на повисоки воспитно – образовни резултати и добросостојба.

## *6.3. Посебни цели на стратегијата*

**„Градењето на култура на соживот** што значи „заедничко живеење во хармонија“ е основа за подобрување на училишната климаво која постои меѓусебна комуникација, почитување и соработка иреагирање при појава на насилство. Претставува пристап на промовирање ненасилство, развивање на одговорноста и негување на заедницата во која се градат позитивни односи, самодоверба, мотивација и сл.“[27]

Ова се постигнува во партнерство на сите вклучени чинители во

[26]Соживот е дефиниран како заедничко живеење во хармонија, соживотот подразбира квалитетна комуникација и заедничко одлучување на сите засегнати страни во градењето на заедничка иднина
[27]http://e-demokratija.mk/documents/10157/29517/

воспитно – образовниот процес. За таа цел училишнатапрограма за превенција и намалување на насилството потребно е да промовира социјална вклученост, ненасилно разрешување на конфликти, почитување, еднакви можности, емоционална добросостојба и позитивно однесување. Културата на соживот е основа на училишните програми за превенција и намалување на насилството во училиштата. Со градење на културата на соживот се овозможува да се оствари правото на безбедна училишна средина.

**Безбедна училишната средина** е индикатор за квалитетенвоспитно - образовен процес.Безбедна училишна средина опфаќа безбедна физичка и социјална околина. **Физичка околина** се однесува на училишната зграда и окружување, луѓето во неа, начинот на кој комуницираат и материјалните ресурси. Како проширување на околината се сметаат екскурзиите, училишните автобуси(превоз) и опкружувањето на воннаставните активности. Безбедната физичка околина е отворена за учење и развој и не се потпира на застрашување. Безбедност во физичката средина подразбира мерки за безбедност во училишниот двор, обезбедување на ризичните точки, процедури за посетителите во училиштето, посебни безбедносни мерки за ранливите ученици (со посебни потреби, жените/девојчињата), формирање на група за безбедност во училиштето и обука на агенциите за обезбедување на училиштата. Безбедност при реализирање на вонаставни активности особено на тие што се реализираат надвор од училишниот објект или во природа потребно е да бидат организирани на начин кој подразбира безбедност и утврдени начини на постапување при евентуална незгода и/или насилство.

**Безбедна социјална околина** е онаа која е сигурна, толерантна, отворена, ненасилна, која го поттикнува чувството на припадност на колективот, во која позитивното однесување е практикувано, признаено и наградено. Механизмите за дисциплинирање се фер, ненасилни, го зачувуваат себепочитувањето и ја почитуваат личноста на секој поединец во училиштето, го поттикнуваат чувството на одговорност, сопственишво, зајакнатост, чувството на учество и влијание во животот на училиштето.

Во остварување на безбедност во физичка и социјалната околина неопходна е и вклученост на родителите/старателите и локалната заедницата, особено на органите на општината/град Скопје и Локалните совети за превенција.

**Безбедниот транспорт** е исто така дел од креирањето услови за безбедни училишта. МОН обезбедува бесплатен превоз за учениците од основно и средно образование кои се со место на живеење подалеку од училиштето два километри, поради што создадени се можности за подобрување на безбедноста на децата при транспортот. И покрај тоа, безбедноста на транспортот може да се третира како прашање околу кое треба да дискутираат и во негово решавање да се вклучат учлилиштето, локалната заедница, родителите и други релевантни чинители од заедницата.

### *6.4. Зајакнати капацитети за превенција на насилното однесување*

Превенцијата е еден од клучните аспекти во справувањето со насилното однесување. Оваа стратегија се базира на пристапот на превенција и поддршка наспроти пристапот на контрола и казнување. Превенцијата се фокусира на зајакнување на капацитетите и примена на добрите практики кои придонесуваат во воспоставување услови за развој и постигнувања и позитивна училишна клима. Превенцијата вклучува активности кои позитивно влијаат на личниот развој на учениците, развивањето на комуникациските и емоционалните вештини, потоа ја поттикнува самодовербата, одговорноста, соработката, помагањето, емпатијата и влијае на подобрување на постигнувањата на учениците. Потребно е програмите да се темелат на почитување на различностите, емпатија и критичко размислување наместо на дисциплинирање и контрола.

Согласно принципите на стратегијата кои се однесуваат на недискриминација, остварување на правата на детето, спроведување на програмата за *Училиште по мерка на детето*, спроведување на *Стратегијата за интегрирано образование* во училиштата се овозможува вклучување на превенцијата во **наставните програми и воннаставните активности**.

**Учебниците** треба да содржат принципи на ненасилство, недискриминација и почитување на различностите.

За да се обезбеди одржливост и системска подлога за спроведување на превентивната компонента во намалувањето на насилното однесување

потребно е вклучување на оваа компонента во **образованието на идните наставници**, како и **поддршка и професионален развој на наставниците** кои работат во училиштата. Клучно во успехот на превентивната компонента е создавањето на системи на поддршка за наставниците/вработените и децата.

**Системите на поддршка на наставниците** кои се дел од Стратегијата за намалување на насилството во училиштата, подразбираат континуиран професионален развој во насока на зајакнување на социјалните и емоционалните вештини на наставниците, обука за разрешување на конфликти и други аспекти на превенција и справување со насилното однесување.

**Системите за поддршка на учениците** кои се дел од Стратегијата за намалување на насилството во училиштата, подразбираат активности насочени кон подобрување на однесувањето, постигнувањето и присутноста на учениците при што се вклучуваат институциите, возрасните и врсниците.

Остварувањето на позитивна клима во училиштата произлегува од воспоставувањето на **вредности и принципи во заедницата и стилот на управување и комуникација во училиштето**. Вредностите и принципите ќе придонесат кон подобрување на атмосферата, доколку бидат поттикнувани и наградувани модели на однесување кои се прифатливи од сите членови на училишната заедница.

Начинот на управување и организација во училиштето ќе делува превентивно, доколку во училиштата постојат јасни правила, улоги и одговорности кои се темелат на демократските принципи на учество во одлучувањето и транспарентност во информирањето.

Во таа насока потребно е училиштата да креираат училишна програма за превенција и намалување на насилството, со која целосно се обработува проблематиката на насилното однесување и различните видови на насилно однесување.

### *6.5. Изградени механизми за интервенција при насилство во училиштето*

„Насилството во општетството и во училиштето не смее да остане непрепознаено или без интервенција. Ова ќе придонесе за изнаоѓањето на начини за справување и реагирање на одредени видови на насилство.

Интервенцијата подразбира примена на различни механизми и постапки со цел позитивно да влијае врз корекција на однесувањето и прифаќање на личната одговорност. Механизмите и постапките треба да бидат опишани во протоколите за интервенција при насилно однесување."[28]

Механизмите за интервенција се во согласност со правата на детето и законите на Република Македонија. Во таа насока потребно е анализа и дополнување на постојната законска регулатива, која нуди законски решенија во случај на појава на насилство во училиштата и го регулира статусот на ученикот и изречените педагошки мерки, но е потребно да се диференцираат различни педагошки мерки за различни видови и употреба на насилно однесување. Исто така, се предлагаат и законски постапки кои подразбираат советување на учениците и родителите/старателите кои вршат повреди на законските одредби од Законите за основно и средно образование. Националниот протокол ќе претставува рамка врз основа на која ќе се развиваат специфичните училишни протоколи за интервенција, кои зависат од конкретен училишен контекст и состојби утврдени во процесот на самоевалуација и следењето на состојбите со насилството.

### *6.6.Соработка меѓу институции и организации*

За поддршка на училиштата потребно е да се направи соработка на партнерска основа помеѓу училиштето и други релевантни институции и организации , како на пример соработка со МВР,соработка со локалните совети за превенција, Центрите за социјална работа, здравствени установи, невладини организации и центри и сл.

Градењето на партнерства помеѓу институциите и организациите треба да биде во духот на поставените принципи со оваа стратегија.

Превентивната компонента ќе биде зајакната со поттикнување на соработката и размена на искуства и добри практики меѓу училиштата и во

[28]http://e-demokratija.mk/documents/10157/29517/

локалната заедница. Соработкатамеѓу училиштата ќе биде поттикната и преку споделување на добрите практики на  заедничка веб страна.

## *7. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ И АКЦИОНЕН ПЛАН*

Стратегијата за намалување на насилството во училиштата 2012-2015 изработена од МОН, ќе придонесе во планирање и реализирање на активности за намалување на насилството во училиштатана сите засегнати страни. Ги дефинира улогите на сите чинители, временската рамка на реализација на предвидените активности и поставува индикатори за проценување на успехот и постигнување на целите и задачите на политиката.

Основа за креирање услови за воспоставување училишни програми за превенција и намалување на насилството во училиштата ќе овозможат сите институционални интервенции кои се неопходни во поставување на законските и подзаконските норми и документи да бидат во согласност со целите и принципите на политиката.

## *8. ПРОГРАМИ ВО УЧИЛИШТЕТО ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА НАСИЛНО ОДНЕСУВАЊЕ*

„Покрај семејството, најприродно опкружување за развој и функционирање на децата и младите секако е училиштето и училишното опкружување.  Денес училиштето се среќава со големи предизвици во воспитувањето и образованието на децата и младите. Освен со обезбедување на основни академски знаења и вештини и промовирање на развојот на карактерот, на училиштето му се дава примарна улога во решавањето на многубројни социјални проблеми меѓу децата и младите."[29]

---

[29]Воспитни крстопати, списание за современо образование, воспитание и настава, книгопроизведителство„Ѕвезда"-Скопје,XII.2007.бр.114,стр.12

Училиштата се клучни во превенцијата на социјални и здравствени проблеми на децата и младите.

Во училиштата секојдневно „врие како во кошница“. Сè се одвива преку интензивна интеракција исполнета со игра, работа, караници, ривалство, стресови. Едноставно не е можно од првиот до последниот ден во училишната година да не се случи ниту еден посериозен проблем. Исто така не е реално да се очекува од училишниот кадар да може и мора секој таков инцидент да го спречи. Инцидентите се случуваат внатре во училиштето кога не е присутен никој од возрасните и надвор од училиштето. Но, училиштето иако не може да го спречи целосно насилството, тоа е должно да се обиде со се што е во негова моќ, насилството да се спречи, соодветно да реагира.

Во моментот кога ќе се обелодени некој случај на училишно насилство, случајот ни е доказ дека сме соочени со појавата на насилно однесување и дека училиштето, наставниците, директорите и останатите настојуваат на тоа соодветно да реагираат.Инцидентите пак кои повремено се јавуваат во јавноста не значи дека се сигурен доказ за пораст на училишното насилство. Попрво би можело да се каже дека таквите инциденти за жал се неминовност и дека кога такви случаи не би имало во јавноста, тоа најверојатно би значело дека таквите случувања се кријат, а не дека не се случуваат.

Како општествена заедница мора што побргу да реагираме, затоа што извесно е дека насилното однесување секојдневно се модифицира и дека облиците на однесување не се стереотипни, а со самото тоа, стануваат непознати како за едукаторите, родителите па и за стручњаците. Затоа е потребно да се дејствува превентивно, за да се уништи насилното однесување.

Социјалните и емоционалните вештини што треба да ги научат децата за да ги контролираат своите чувства и да се однесуваат просоцијално и ненасилно сеинтегрален дел од создавањето на училишта без насилство. Децата ќе ги научат овие вештини и на формален начин и на неформален начин учејќи преку примери од секојдневниот живот.

За да се даде поддршка на училиштата во постигнување на овие цели, Бирото за развој на образованието со поддршка од УНИЦЕФ ја изработи Програмата за образование по животни вештини. Програмата ги учи децата да ги препознаат и да се справат со емоциите, да се грижат за другите, да донесуваат правилни одлуки, да се однесуваат на етички и одговорен начин,

да развиваат позитивни односи и да избегнуваат негативни однесувања. Забележано е дека програмите како што е Животни вештини даваат и други резултати освен намалување на насилството.

### 8.1. *Програми наменети за жртвите*

„Прва задача на програмите наменети за жртвите е истите пред се да се научат да ги препознаат опасните ситуации и да ги избегнуваат, како и да бараат помош од другите. Што се однесува пак до интеракцијата со врсниците, програмите имаат за цел да ги отстранат претпоставените недостатоци во социјалните вештини кои овие ученици ги чинат погодни и препознатливи жртви. “[30]

### 8.2. *Програми наменети за врсниците*

Овие програми се однесуваат за набљудувачите кои не се ниту насилници, ниту жртви. Цел на овие програми е кај овие групи да се развијат норми со кои ќе се осудува рамнодушноста кон насилството и ќе се научат како соодветно да се реагира, така што ќе се заштити жртвата. Врсниците полесно воспоставуваат комуникација и со насилникот и со жртвата затоа што сите припаѓаат на иста врсничка култура.

### 8.3. *Програми наменети за наставниците*

Сè повеќе се покажува неопходна потреба од обука за борба против училишното насилство, која е неопходно да биде составен дел од редовните обуки на идните наставници, а не додаток само кај некои од нив кои покажуваат посебна заинтересираност и кои истата ќе ја добијат во текот на своето работно време.

---

[30] http://www.beznasilstvo.mk.Priracnik za zapiranje na nasilstvoto vo ucilistata-mk

### 8.4. Програми наменети за насилниците

Работата со насилници подразбира да се знае зошто децата се насилни и како и што треба да се промени за да се намали насилството. Работата со насилниците е тешка и одговорна задача. На насилниците мора да им се стави до знаење дека нивното однесување е неприфатливо, мора да се направи последиците од таквото однесување веќе да не им бидат привлечни, а истовремено не смеат и да се отфрлат – уште повеќе треба да се наговорат да соработуваат во корегирањето на сопственото однесување.

## 9. КАКО ОБРАЗОВНИОТ СИСТЕМ ВО РМ СЕ СПРАВУВА СО НАСИЛНОТО ОДНЕСУВАЊЕ

Кампањата „Заедно за училишта без насилство"[31]е дел од сеопфатна програма што преиспитува како образовниот систем и целото општеството, се справуваат со насилното однесување. Таа претставува дополнение на државната политика и стратегија што во моментов се финализира под водство на Министерството за образование и наука, и на програмата за обука на вработените во училиштата, наставниците и родителите поддржана од УНИЦЕФ.

Кампањата „Заедно за училишта без насилство" ги повикува училиштата да користат пристап кој ќе го опфати целото училиште. Со оваа кампања се повикуваат наставниците во се што прават – од раководење со класот, интервенирање кога ќе се случи конфликт или проблем, до стилот на работа што го применуваат наставниците – да поставуваат позитивни примери. Увидувајќи дека постои општо прифаќање на насилните форми на комуницирање меѓу децата, кампањата бара промена во начинот на кој самите деца се однесуваат и како тие реагираат на насилството. Програмата

[31]http://www.beznasilstvo.mk/Priracnik za zapiranje na nasilstvoto vo ucilistata-mk

поддржана од УНИЦЕФ исто така согледува дека создавање на побезбедни училишта опфаќа и напори во насока на намалување на семејното насилство.

Кампањата ги повикува родителите да се служат со позитивни методи во дисциплинирањето на децата и активно да се ангажираат во училишниот живот. Кампањата е дел од поширока програма на УНИЦЕФ, која ја спроведува со владини и невладини партнери за справување со проблемот на насилство во училиштата. Исто така, УНИЦЕФ го поддржува изготвувањето национална политика, стратегија и упатство за да им помогне на училиштата да го проценат проблемот и да се справат со насилството.

Вработените во училиштата и наставниците се исто така, обучени да помогнат во спроведувањето на „пристап кој го опфаќа целото училиште", за да се спречи и намали насилството како и да им помогне на наставниците да применуваат техники за поттикнување „однесување за учење" во училниците.

## *10. МЕРКИ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА НА УЧИЛИШНО НАСИЛСТВО*

„Многубројните мерки кои се преземаат против насилството во училиштето може да се групираат според целните групи на кои се насочени."[32]

Во првата група спаѓаат интервенции насочени кон ученикот во кои спаѓаат: различни облици на помош во учењето, групно, индивидуално и врсничко советување, обука во интерперсоналните вештини, обука во совладувањето стрес, обука во решавањето проблеми, обука во заменување агресија, составување кодекс на права и одговорност, морално воспитување.

Во втората група спаѓаат интервенции насочени на наставниците во кои спаѓаат: обука за справување со агресија, чести контакти надвор од училницата на наставникот и ученикот, поголема интеракција меѓу наставникот и родителите, групна дискусија меѓу управата на училиштето, наставниците и учениците.

Во третата група спаѓаат интервенции насочени на училишната програма во која спаѓаат: курсеви од ликовна и музичка уметност, курсеви за правата на учениците, центри за учење, различни видови образование надвор од редовната настава.

---

[32]Gasic-Pavisic,S.(2004),Mere I programi za prevenciju nasilja u skoli.Zbornik institute za pedagoska istrazivanja, Institut za pedagoska istrazivanja,Beograd, str.36

Во четвртата група спаѓаат интервенции насочени кон управата на училиштето, во која спаѓаат: користење обучени преговарачи во конфликтни ситуации, јасно одредување одговорности и авторитет меѓу раководните луѓе во училиштето, основање на комитети за училишна безбедност, координираност меѓу училишната управа и полицијата, прирачник за училишни процедури, правилник за права и одговорности, обука за справување со агресија, демократизирано управување со училиштето, курсеви за човечките односи.

Во петтата група спаѓаат интервенции насочени на физичката училишна средина како што се: намалување на големината на училиштето и одделенијата, зголемен надзор од страна на оспособени лица, брзо реагирање после вандализам, електронска проверка за откривање на оружје, инсталирање табли за графити, училишна зграда во која сите учениците ќе имаат лесен пристап кон сите простории за да се олесни комуникацијата помеѓу директорот на училиштето, наставникот и ученикот.

Во интервенциите насочени на родителите спаѓаат: организирање одбор за спречување на отсуствување од настава, обука во вештините на родителство, родителите како предавачи, поголема законска одговорност за родителите за однесувањето на нивните деца, центри за семејно воспитание, договори меѓу учениците и родителите за ненасилство.

Во интервенциите насочени кон лицата од обезедувањето: лицата кои се ангажирани за обезбедување да ги проучуваат законите, посети на семејствата на учениците и составување на училишен прирачник за безбедност.

Во интервенции насочени на заедницата спаѓаат: програми на помагање, образование за спречување вандализам, овозможување на локалната заедница да ги користи просториите во училиштето после часовите, заедничко прославување и општествено корисни акции организирани со училиштето и во училиштето .

Во интервенции насочени на општеството спаѓаат: воспоставување на единствен систем на известување за случаите на насилство и вандализам, создавање државен надзорен одбор против насилство, построги прописи за носење оружје.

„Програмските цели кои треба да се постигнат кај поединечните целни групи:

1. Наставниците и другиот училишен персонал:

- да станат свесни за проблемот на насилство;
- да бидат активно вклучени во решавање на тој проблем;
- да реагираат на агресивното однесување во училишниот двор.

2. Родителите:

- да станат свесни за проблемот со насилството;
- да бидат активно вклучени во решавање на тој проблем.

3. Учениците:

- да бидат толерантни и да престанат со насилство кон другите;
- да пружаат помош на жртвите на насилство;
- да се спротивставуваат на насилното однесување.

4. Промени во социјалното опкружување:

- атрактивно училишно игралиште и сл. "[33]

Како методи на работа во превенирање на училишното насилство најчесто се користат мултидимензионалните пристапи и интерактивните техники на учење. Во пониските одделенија тоа подразбира: раскажување на приказни и играње на улоги (особено во конфликтни ситуации), користењето кукли или театарска претстава, примена на техники на илустрација и набљудување на слики, вербални инструкции и совети како во некои ситуации на насилство да се снајдат.

На повозрасните ученици може да им се понудат различни задачи од типот: интервјуирање на возрасните за насилството и решавање на конфликтните ситуации. Често се користат и дискусии во поголеми или помали групи кои се надополнуваат со видеоснимки од секојдневниот живот, задачи за самостојно истражување на причините и последиците од насилното однесување.

Во некои училишта се применуваат и програми за поддршка на врсниците. Помала група на ученици се пријавуваат за медијатори и поминуваат соодветна обука надвор од училишните часови. Обуката трае неколку дена и содржи запознавање со конфликти и медијација како и обука. Обуката е преку играње улоги, совладување на вештини потребни за медијација, како што е активното слушање. Медијаторите добиваат постојана

---

[33]Gasic-Pavisic,S.(2004),Mere I programi za prevenciju nasilja u skoli.Zbornik institute za pedagoska istrazivanja,Institut za pedagoska istrazivanja,Beograd, str.36

поддршка и контрола од возрасните - наставниците и се состануваат еднаш неделно. Учениците – медијатори се занимаваат со полесни случаи како што се оговарање, закани, навредување и слично, додека екстремните облици на вербално и физичко насилство го препуштаат на возрасните. По правило, вклучени се два медијатора. Меѓутоа, медијацијата има и свои ограничувања затоа што понекогаш има голема нееднаквост на моќта кај двете страни во конфликтот, а тогаш се случува едната страна во конфликтот да не сака да и се пристапи, или пак има појава на изразено непријателство на врсниците кон учениците кои ја имаат улогата на медијатор.

### *10.1. Наставниците и нивната улога во превенцијата на училишното насилство*

Кога во едно училиште има проблем со насилството, заедницата мора веднаш да и даде предност на состојбата и да и посвети внимание, како и да осмисли планска реакција. Без посветеност не можат да успеат проектите, луѓето се обесхрабруваат и насилството станува прифатлив начин за решавање проблеми.

Поттикнувањето на позитивно однесување кај учениците треба да биде основна цел за секој наставник во сите активности што ги презема. За да бидат превенциските програми на насилство меѓу учениците успешно изведени наставниците, би требало да се информираат за тоа што сè се подразбира под терминот насилство над и меѓу учениците и како да го препознаат, да им се разјасни што се очекува од нив во некои ситуации, како и да се подучат на техники кои ќе им користат при спроведувањето на програмата.

Случаите на насилство не смеат да ги најдат наставниците затечени, во недоумица, дали и како да се реагира кога постои ризик од насилство или кога насилството веќе се случило. Училиштето всушност, секогаш некако реагира на насилството па дури и кога нема акционен план за превенирање на истото.

Еден наставник, насилниот ученик ќе го опомени или казни, друг наставник таквиот ученик ќе го испрати кај директорот или психологот, педагогот, трет ќе му ја намали оценката од поведението или ќе ги повика неговите родители. Наставниците всушност внимаваат на учениците за време

на нивниот престој во училиштето, ги опоменуваат и ги советуваат: на позитивно однесување, одговорност, ненасилно однесување и слично.Но, што всушност треба да направи наставникот? Она што се однесува до наставниците е моментално да интервенираат и точно да утврдат што се случило; да пружат поддршка и да соработуваат со жртвата и родителите; да зборуваат со насилникот и жртвата одделно за инцидентот, да му објаснат на насилникот кои однесувања се прифатливи, а кои не се и му пружаат потпора доколку воочи проблем и прифати одговорност; да им обезбедат на учениците атмосфера во која без страв можат да го пријават застрашувањето; да ги известат и вклучат и родителите на насилникот и жртвата со цел за спречување на понатамошно насилничко однесување и застрашување и на крајот со своето однесување и самите да дадат пример на примерно поведение.

### *10.2. Улогата на родителите во превенцијата на училишното насилство*

Насилното однесување се учи во раните години од животот, а децата насилници може да имаат бројни причини за своите однесувања: ги имитираат постарите браќа, родителите, роднините, не знаат други, подобри начини на комуникација со другите ученици, сами доживеале злоставување, напнати се заради разни извори на стрес.

Земајќи ја во предвид важната улога на родителот и наставникот во животот на детето, програмите наменети за превенција на насилството подразбираат примена на стратегии со кои се сака да се постигне квалитетно поврзување на родителите и училиштето. Содржините наменети за родителите воглавно се однесуваат на едуцирање на родителите за облиците на насилство, неговите причини и последици, можностите за превенција на насилството во семејството и меѓу врсниците.

Родителите во животот и работата на училиштето се вклучени преку Одборот на паралелката, Советот на родителите и Училишниот одбор. Соработката меѓу родителите и училиштето се реализира преку:

општи родителски средби, групни родителски средби (околу некој проблем на група родители) и индивидуални средби.

Преку овие видови соработка родителот се интересира само за успехот на ученикот, оценките, изостаноците, некои проблеми и однесувањето на учениците. Поточно тие се само пасивни учесници на кои им се сервираат готови податоци, информации, готови решенија на проблемите кои се јавуваат со нивните деца. Поради тоа родителите училиштето го чувствуваат туѓо и многу далечно.

Во современиот начин на живеење, потребно е родителот да се доближи до училиштето, да ги разбере воспитните цели и задачи, да се изнајдат начини да се привлечат на соработка во решавањето на сите училишни проблеми, координирано да се следи воспитната работа на училиштето и семејството, со давање на практични совети на родителите за нивната воспитна функција во домот. Колку повеќе се успее во тоа толку родителите ќе го почувствуваат училиштето како свое, ќе го внесат во сферата на сопствените интереси и ќе го гледат како институција важна за среќата и иднината на своите деца.

Соодветно на својата професија и афинитет, со користење на разни форми на работа: предавања по одредени теми, работилници, демонстрирања, дебати, посета на културни и стопански институции, родителите можат да се вклучат во работата на училиштата. Исто така, тие можат да се вклучат и во организацијата и реализацијата на училишните натпревари по одделни наставни предмети, спортски натпревари, ученички портфолија, ученички екскурзии и сл.

Со цел да се превенира насилството помеѓу учениците, а притоа да бидат вклучени родителите, се иницираат најразлични форми на соработка. Вклучување на родителите во училницата и педагошко-психолошкото образование, учество во Училишниот одбор, работа во Советот на родители во училиштето.

## *11.АКТИВНОСТИ ЗА ЗАПИРАЊЕ НА НАСИЛСТВОТО ВО УЧИЛИШТАТА*

### *11.1. Холистички приод со учениците, училишниот кадар, родителите и заедницата*

Како што веќе рековме, наставниците не можат сами да го спречат насилството во училиштата. Целата училишна заедница треба да се здружи за да се постигне договор за донесување на силна и јасна порака дека насилството, сексуалното малтретирање, малтретирањето и нетолеранцијата се неприфатливи во училишната средина. Кога сите ќе станат свесни за различните начини на кои се појавува насилството, за неговото влијание и за луѓето коишто се загрозени, ќе биде многу полесно да се најде решение.

Плановите за спречување на насилството кои се развиени со широка консултација и соработка имаат повеќе шанси да успеат отколку оние што се изготвени од страна на само една група на професионалци.

Со обезбедување на добро осветлена физичка средина и со тоа што ќе ги научиме учениците на вештините за решавање на конфликти без употреба на насилство се намалуваат ризичните фактори во училиштето. Намалувањето на можностите за насилство и давањето на алатки на учениците за спречување на насилство се, исто така, клучни во создавањето на безбедно училиште.

„Учениците треба да се поттикнат да разговараат за училишното насилство еден со друг, со наставникот и со стручната служба. Кој е загрозен и како? Кому во училиштето и во заедницата може да се обратат за помош? Може да се направи список на лица и организации коишто можат да помогнат во спречувањето на училишното насилство и да се разговара на кој начин може да се дојде до нив.“[34]

### *11.2.Учениците - партнери на наставниците во спречување на насилството*

Учениците треба да бидат запознаени за нивните права, како и за правата на нивните врсници, наставници, членови на семејството и членови на нивната заедница. Треба, исто така да бидат запознаени со човековите права и

[34]http://www.unicef.org/tfymacedonia/Priracnik za nasilstvo-mk

правата на децата. Ова може да се постигне преку дебати, играње улоги и актуелни настани, и во сите нив учениците да бидат ангажирани да прават анализи и да го применуваат своето знаење за човековите права во реалноста на нивното училиште и заедницата.

Можат да се користат верзии за ученици од Универзалната декларација за човекови права и од Конвенцијата за правата на детето во печатена и електронска форма. И во двата документи е зацртано правото на секој човек на обарзование и правото да расте и учи во безбедна средина. Учениците треба да бидат запознаени со Универзалната декларација за човекови права и Конвенцијата за правата на детето, а наставникот да се обиде да најде начин како овие права да бидат почитувани, и секој ученик да биде заштитен и почитуван во училницата.

Учениците да се задолжат да напишат кодекс на однесување заедно со наставникот за тоа кои дејства се во ред, кои дејства ќе ги повредат другите или ќе го нарушат редот во класот и кои активности се важни да се предаваат, а учениците да можат да учат во мирна средина. Заедничкото пишување на кодексот на однесување ги става во јасна позиција правата и одговорностите на сите и го зголемува учеството на учениците.

Наставникот треба да ги поттикне учениците да разговараат со него и меѓу себе за тоа што е насилно однесување, а што не е. Кои специфични права не се почитуваат во чинот на насилство? Наставникот треба да предложи начини со кои ќе се крене свеста за човековите права во училиштето и да промовира почитување на разликите, на пример преку дебати, настава во природа, игри, играње на улоги и слично.

### *11.3. Конструктивни дисциплински мерки и методи*

Правилата во училницата треба да бидат позитивни, инструктивни и кратки. Кога ќе се изготват правилата, списокот треба да биде едноставен и концизен. Правилата треба да бидат позитивно поставени, а не негативно, јасно да ги насочуваат учениците како да се однесуваат, а не како да не се однесуваат. Треба да се внимава да не бидат спротивни на општата училишна политика.

Наставникот треба да го поддржува конструктивното однесување преку контакт со очите, климнување со глава или насмевка. Може да ги награди учениците на некој начин. За учениците особена награда претставува доколку пред нив се спомене постигнат успех.

Наставникот треба да биде сигурен дека кога применува дисциплинска мерка, таа мерка да биде фокусирана на лошото однесување на ученикот и влијанието на таквото однесување, а не на самиот ученик.

„Зависно од природата на лошото однесување некои дисциплински мерки можат да бидат:

- Да се одвои време по наставата или за време на одморот да се разговара за лошото однесување – зошто настанало и што треба да се преземе за да се поправи;
- Да се побара од ученикот да се извини;
- Наставникот да го смени местото со ученикот;
- Да се испрати порака до родителите;
- Да се анализира сериозноста на ситуацијата и зависно од ситуацијата, да се одлучи дали ученикот треба да се прати кај директорот на училиштето.“[35]

Наставникот може да им предложи на учениците да формираат клуб против насилство. Може и да им помогне да организираат активности за промовирање на мирна кампања и безбедна училишна средина за сите.

### *11.4. Активна и ефективна сила за запирање на малтретирањето*

„Во малтретирање спаѓаат:

- физичко малтретирање: удирање, клоцање, туркање, давење, боксирање;

[35] Блажева,А. И Чонтева,Ж.(2008),Спречување на насилството кај средношколцитево градот и градење меѓусебна доверба,Алгоритам Центар,Скопје,стр.13

- вербално малтретирање: заканување, исмејување, задевање, говор на омраза;
- социјално исклучување.“[36]

За да се избегнат овие малтретирања треба да се работи со наставниците, претставниците на учениците, училишниот кадар и членовите на заедницата за развој на зедничка дефиниција за малтретирањето за да можат сите да се залагаат за истите очекувања.

Ефективните последици од вербалната и физичката агресија се мали, за да можат да се користат постојано, ја зголемуваат строгоста при повторувањето на агресивното однесување, предвидливи се и директни и се базираат на истите очекувања од сите ученици. Обично консеквенците вклучуваат губење на слободното време, како на пример пауза, ручек со соучениците или вонннаставни активности.

Учениците кои се мета на малтретирање треба да се поддржат и поттикнат да разговараат со наставниците и стручната служба, а исто така треба да се работи и со нивните родители, учениците и кадарот за да се заштитат, како повторно не би станале жртви на малтретирањето.

Еден од начините да се постигне ова е преку посредништво на соучениците и преку програмите за решавање на конфликти коишто ги обучуваат учениците да се поддржуваат, да ги пријават чиновите на малтретирање и учат стратегии за решавање на конфликти.

Признанието и благодарноста за активностите на учениците што се поддржуваат меѓу себе за да го спречат малтретирањето подеднакво е битно и за тие што пријавуваат малтретирање како би биле заштитени од одмазда.

## *11.5. Издржливост кај учениците и конструктивно одговарање на предизвиците во животот*

Зголемената издржливост ја намалува можноста ученикот да реагира со насилство или да биде жртва на истото. Наставниците коишто демонстрираат социјално, конструктивно однесување, ги насочуваат и нудат заштита, ја

[36]http://www.unicef.org/tfymacedonia/Priracnik za nasilstvo-mk

зголемуваат издржливоста на учениците со тоа што покажуваат позитивни, алтернативни начини со коишто може да се одговори на животните предизвици. Таквите наставници претставуваат модел за позитивни односи.

Програмите за образование и за мир, од Прирачникот за Запирање на насилство од УНИЦЕФ, им овозможуваат на учениците да сфатат како настанува насилството, да развијат способности конструктивно да одговорат на насилството и да научат кои се алтернативите за насилство.

Стручните служби можат да ги поддржат учениците да се справат со тешкотиите во нивниот живот и да интервенираат превентивно.

### *11.6. Спротивставување на сексуалното и родовото насилство*

„Родовите предрасуди поттикнуваат родова дискриминација. Понекогаш ставот на наставниците кон момчињата е поинаков од оној кон девојчињата. На пример, некои од нив сметаат дека момчињата се подобри во математика или „природни интелегентни“, додека девојчињата ги сметаат за „тивки и трудољубиви“.[37] Треба да се прекине низата на стереотипи и различните очекувања од девојчињата /жените и момчињата/мажите. Да се крене свеста за родовите предрасуди во училницата. Момчињата се како извршители, така и жртви на сексуалното насилство во училиштето, така што наставниците не треба да бидат исклучиво фокусирани на женските жртви.

Нискиот степен и/или на интеракција на наставникот со девојчињата може да ја намали нивната самопочит и самодоверба што, од друга страна, ја зголемува можноста тие да бидат жртви. Еден начин да се поттикнат девојчињата да учествуваат во парарелката е да се поделат учениците во групи за дискусија во кои девојчињата ќе бидат во мнозинство во групата или групите. Обично девојчињата послободно се изразуваат кога се во група со други девојчиња.

Треба да се проговори гласно против насилството и добро да се искористат механизмите за известување.

[37]http://www.unicef.org/tfymacedonia/Priracnik za nasilstvo-mk

### *11.7. Залагање за безбедносни механизми во училиштето*

Треба да се даде поддршка на училиштето за да има силно и ефективно раководство. Важно е тоа да работи со наставниците и образовните власти за да развие и имплементира политика со којашто ќе се елиминира злоупотребата на сила, насилните активности во нивната почетна фаза и да се изгради заедница на доверба во училиштата.

Треба да се укаже на потребата од издвоени и безбедни тоалети за девојчињата и жените. Исто така, на учениците им требаат безбедни места за игра меѓу часовите.

### *11.8. Насилството и дискриминацијата на учениците со инвалидитет и на оние што припаѓаат на социјалните, малцинските и другите маргинализирани заедници*

Учениците треба да се насочуваат правилно да ги разбираат физичките и ментални недостатоци на нивните соученици, како и причините поради кои тие се поразлични од нив. Треба да се потенцира дека сите членови на класната заедница се разликуваат меѓу себе, а тоа е она што ги прави уникатни. Децата треба да бидат воспитани да ги почитуваат разликите.

Учениците треба критички да размислуваат за сфаќањата и стереотипите со кои се раководат во својот однос коишто се разликуваат од нив. Треба да знаат колку може да повреди зборот.

## *ВТОР ДЕЛ*

## *Методологија на истражувањето*

## *II.МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО*

### *12.1.Предмет на истражувањето*

Предмет на ова истражување е појавата на насилството во средните училишта, видовите насилство, менаџирањето на директорите, работењето на стручната служба, наставниците, однесувањето на учениците и водачите на заедницата,за да се дојде до заедничко разбирање за проблемот на насилство во училиштето, односно искоренување на оваа појава кај средношколците.

Почнувајки од вака дефинираниот предмет, истражувањето ке биде насочено кон:

1. Улогата на училишниот директор во стратегиите за спречување на насилството во училиштето.
2. Посветеноста на стручната служба на проблематичните ученици и нивните родители.
3. Заложбите на наставниците за намалување на појавата на насилство помеѓу учениците.
4. Причините кои создаваат фрустрации кај учениците и можност за појава на насилство.

Наставниците не можат сами да го спречат насилството во училиштата. Целата училишна заедница треба да се здружи за да постигне договор за донесување на силна и јасна порака дека насилството, сексуалнотомалтретирање, малтретирањето и нетолеранцијата се неприфатливи во училишната средина. Кога сите ќе станат свесни за различните начини на кои се појавува насилството, за неговото влијание и за луѓето коишто се загрозени, ќе биде многу полесно да се најде решение.

### *12.2. Цел на истражувањето*

Цел на ова истражување е да се добијат реални сознанија и факти, како и да се утврдат причините за појавата на се почестите форми на насилство помеѓу адолесцентите.

Целта на истражувањето се реализира преку добивање на квалитативни сознанија за:

- информираноста на учениците, наставниците, стручните соработници, родителите за постоење на насилното однесување во училиштето;
- облиците на насилно однесување во училиштето; постоење и имплементација на програми за превенирање на насилно однесување во училиштето;
- местата на изведба на насилното однесување,
- како и да се идентификуваат предлози, препораки од сите засегнати страни за превенирање и надминување на оваа појава
- потребно е да се подобри безбедноста на учениците во училиштата и да се намали степенот на насилството со вклучување на сите чинители во градењето на безбедноста.

### *12.3. Карактер на истражувањето*

Според својот карактер истражувањето е дескриптивно, што произлегува од природата и предметот на проучување.

Сметаме дека примената на квантитативниот и квалитативниот пристап заедно со соодветните техники на истражување ќе придонесе кон добивање на најсоодветни и најадекватни податоци, кои ке овозможат нивно подетално и суштинско анализирање.

### *12.4.Задачи на истражувањето*

1. Да се испитаат ставовите на директорите во однос на причините поради кои се појавува насилството.

2. Да се утврди какво е мислењето на педагошко-психолошката служба во однос на причините поради кои се појавува насилството.

3. Да се испитаат ставовите на наставниците во однос на причините поради кои се појавува насилството.

4. Да се согледаат размислувањата и искуствата на учениците во однос на насилството и причините за појавата на истото.

5. Да се добијат квантитативни и квалитативни сознанија за заложбите на директорите за разрешување на конфликтите и спречување на појава на насилство.

6. Да се добијат квантитативни и квалитативни сознанија за заложбите на педагошко-психолошката служба за разрешување на конфликтите и спречување на појава на насилство.

## *13. ХИПОТЕЗИ*

Поаѓајки од целта и задачите на ова истражување, поставени се следниве хипотези:

- **Општа хипотеза**

Се претпоставува дека доброто менаџирање на директорот, поголемата посветеност на педагошко-психолошката служба на учениците, вклучувањето на учениците во проекти против насилство помеѓу учениците, поголема посветеност на воспитната компонента од страна на наставниците, придонесуваат за намалување на насилството помеѓу учениците.

- **Посебни хипотези**

Х1 Недоволната комуникација помеѓу директорот и учениците влијае врз зачестеноста и формите на насилство.

Х2 Појавата на насилство зависи од соработката помеѓу директорот и родителите.

Х3 Недостатокот на соработка помеѓу педагошко-психолошката служба и родителите влијае врз појавата на насилство.

Х4 Не постои значајна разлика во појавата на насилството во зависност од возраста на учениците

Х5 Појавата на насилство зависи од етничката припадност на учениците.

Х6 Недостатокот од дополнителни активности и ангажмани за учениците влијае на зголемување на насилството помеѓу нив.

## *14.ВАРИЈАБЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО*

**Независна варијабла**

- Комуникацијата помеѓу директорот и учениците;
- Соработката помеѓу директорот и родителите;
- Соработката помеѓу педагошката служба и родителите;
- Возраста на учениците;
- Етничката припадност на учениците и
- Дополнителните активности на учениците

**Зависна варијабла**

- Различните форми на насилство;
- Појавата на насилство.

## *15.МЕТОДИ, ТЕХНИКИ И ИНСТРУМЕНТИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО*

1. Во истражувањето се користеше дескриптивно-аналитички метод;
2.Од истражувачки техники се применија квантитативни техники;
3.Во однос на инструментите за истражување беа применети:

*анкетен прашалник за директори,со кој се испитуваше степенот на појава на насилството во училиштата, каква е нивната комуникација со учениците, кои мерки ги користат за намалување на конфликтните и насилни ситуации.

*анкетен прашалник за наставници, со кој се испитуваше појавата на насилството помеѓу учениците како и причините за неговата појава.

*анкетен прашалник за педагошко-психолошката служба, со кој се испитуваше појавата на конфликтни и насилни ситуации во училиштата и како стручните соработници се справуваат со конфликтните и проблематични ситуации.

*анкетен прашалник за ученици, со кој се испитуваа причините поради кои се појавува нетрпениетo помеѓу учениците кои водат кон појава на насилството.

### *15.1. Примерок на истражувањето*

| *СРЕДНИ УЧИЛИШТА* | *ГРАД* | **Број на директори** | **Број на стручни соработници** | **Број на наставници** | **Број на ученици** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1.СУГС„Васил Антевски-Дрен“ | Скопје | 1 | 2 | 6 | 16 |
| 2.СУГС„Михајло Пупин“ | Скопје | 1 | 2 | 6 | 16 |
| 3.СУГС„Марија Кири Склодовска“ | Скопје | 1 | 2 | 6 | 16 |
| 4.СУГС„Боро Петрушевски“ | Скопје | 1 | 2 | 6 | 16 |
| 5.СУГС„Владо Тасевски“ | Скопје | 1 | 2 | 6 | 16 |
| 6.СУГС„Димитар Влахов“ | Скопје | 1 | 2 | 6 | 16 |
| 7.СУГС„Јосип Броз Тито“ | Скопје | 1 | 2 | 6 | 16 |
| ВКУПНО | | 7 | 14 | 42 | 112 |

Во испитаниците беа вклучени:

- Директорите на горенаведените седум средни училишта од подрачјето на Град Скопје.
- Вработените во педагошко-психолошката служба (педагозите и психолозите) од седумте средни училишта.
- Наставници од машки и женски пол, избрани по случаен избор од училиштата
- Ученици од сите четири години, од секоја година по четворица ученици.

## *15.2.Организација и тек на истражувањето*

Временска рамка 5.10.2013 до 5.11.2013година.

- Спроведување на истражувањето;
- Собирање на податоци;
- Запознавање со податоците и групирање ( табеларизација и категоризација);
- Анализа и интерпретација на резултатити;
- Завршна интерпретација и изведување на заклучоци;
- Пишување на извештај.

# *16. ОБРАБОТКА НА РЕЗУЛТАТИ*

- Обработка на прашања од анкетни листови за наставници, директори, ученици, стручните соработници, родители;
- Прикажување на резултатите бројчано, процентуално и графички;
- Споредбена анализа на резултатите.

Добиените податоци компјутерски се обработени со програмата за табеларни пресметувањаи графикони MS Excel.

# III дел

***Анализа и интерпретација на резултатите***

Првата хипотезата <u>Недоволната комуникација помеѓу директорот и учениците влијае врз зачестеноста и формите на насилство</u>,се потврдува (прилог 1-прашања 4,5,10)

| ***прашање број 4 - Дали сметате дека максимално придонесувате за спречување на појавата на насилството помеѓу учениците?*** | |
|---|---|
| ***Одговори*** | ***f*** |
| да | 7 |
| не | 0 |

***Коментар***: Од приложените одговори можеме да заклучиме дека директорите како менаџери кои се едни од клучните фактори за намалување на насилството во училиштата, целосно придонесуваат за справување со конфликтите кои секојдневно се појавуваат помеѓу учениците. Нивните лични карактеристики како интелигенција, креативност, оригиналност, иницијативност, одговорност во голема мера придонесуваат за начинот на кои тие се справуваат со насилството кое се појавува помеѓу учениците.

| ***прашање број 5 - Дали сметате дека креирате позитивна атмосфера помеѓу учениците?*** | |
|---|---|
| ***Одговори*** | ***f*** |
| да | 7 |
| не | 0 |

***Коментар:*** Училиштето како образовна организација ја прави образовната дејност реално остварлива и развојно ориентирана. Колку е подобра организацијата, толку е поквалитетна образовната дејност. Со тоа што директорите креираат позитивна атмосфера, зацртаните планови и програми за работа на училиштето полесно се спроведуваат. Тие сметаат дека начинот на кој креираат позитивна атмосфера се големиот број на активности и манифестации во кои заеднички учествуваат ученици од различни класови, различен пол и различни националности. Неколку од директорите пак велат

дека креирањето на позитивната атмосфера го прават преку одржување на голем број состаноци со наставниците, директно посочување на секојдневните проблеми. Секојдневната комуникација на директорот со учениците, комуникацијата на директорот со родителите и педагошко-психолошката служба, допринесува во намалување на насилството помеѓу учениците.

| ***прашање број 10 - Дали редовно разговарате со учениците со непримерно однесување?*** | |
|---|---|
| ***Одговори*** | ***f*** |
| да | 7 |
| не | 0 |

***Коментар***: Директорите редовно разговараат со учениците со непримерно однесување и сметаат дека малолетничкото престапништво бара мултидисциплинарен пристап во третирањето на проблемите, и поради тоа е потребно целосно ангажирање на сите институции, а пред сè, вклучување на учениците во делот на идентификувањети и решавањето на проблемите.

Зајакнување на превентивните активности во училиштата, со потенцирање на проектот„Безбедни училишта" како позитивна пракса воспоставена од 2012 година, со опфат на активности кои вклучуваат едукативни предавања за правата и обврските на учениците. Со активностите да се опфатат и родителите преку редовните состаноци на советот на родители и родителски состаноци.

Присуство на полицијата, пред и во училишните дворови, како и на автобуските постројки како идентификувани места каде најчесто се случуваат нарушувања на јавниот ред и мир.

Соработка на инспекторите за малолетничко престапништво и стручните служби во училиштата за навремено идентификување на малолетници во ризик и соодветен третман од страна на стручните служби.

Втората хипотеза <u>Појавата на насилството зависи од соработката помеѓу директорот и родителите</u>,се отфрла (прилог 1-прашања 2,17,18)

| ***прашање број 2 - Кои се најчестите причини за појава на насилството помеѓу учениците?*** | | ***R*** |
|---|---|---|
| а) | **семејни проблеми** | **1** |
| б) | **меѓуетничко нетрпение** | **2** |
| в) | **навреди, пцовки, симпатии и др.** | **3** |
| г) | **меѓусебни барања и адонцентни барања** | **4** |
| д) | **нетолеранција, избрзани реакции, стекнати навики** | **5** |
| ѓ) | **класна поделба, користење на социјалните мрежи, девојка или момче** | **6** |
| е) | **недоразбирање од различен тип** | **7** |

***Коментар***: Од приложената ранг-листа јасно се гледа дека директорите како базични фактори за појава на насилството помеѓу учениците ги наведуваат семејните проблеми, кавгите, недоразбирањата помеѓу родителите, психичкото и физичко насилство кое се случува во нивните домови, како и честите разводи. Тие велат дека нетрпеливоста која се јавува помеѓу учениците е најчесто последица на отсуство на домашна грижа и воспитување од родителите, кои во процесот на одложена транзиција се помалку посветуваат внимание на децата, се поретко разговараат со нив за проблемите со кои тие се среќаваат. Меѓуетничкото нетрпение е втор во важност фактор за појава на насилството помеѓу учениците. Поради тоа, од спроведеното истражување дојдов до сознание дека конфликтите и насилните појави многу повеке се случуваат во мегуетничките училишта.

Помалку застапени фактори се личните навреди, пцости, класната поделба како и користење на најразлични социјални мрежи.

| ***прашање број 17 - Дали редовно им давате насоки и упатства на наставниците, за тоа како да се однесуваат со учениците кои покажуваат насилство?*** | |
|---|---|
| ***Одговори*** | ***f*** |
| да | 7 |
| не | 0 |

***Коментар***: Од дадените одговори утврдуваме дека сите директори континуирано одржуваат состаноци со колективот, им дозволуваат на наставниците учество на семинари од секаков вид, трибини, дебати, нивно

постојано надградување и усовршување, заеднички ги следат учениците, особено оние кои почесто предизвикуваат насилни ситуации.

| ***прашање број 18 - Дали често разговарате со родителите на учениците за насилно и непримерно однесување?*** | |
|---|---|
| ***Одговори*** | ***f*** |
| да | 7 |
| не | 0 |

***Коментар***: Соработката на директорот со родителите е на задоволително ниво, редовно комуницира со родителите на учениците со насилно однесување. Притоа директорите велат дека бараат од родителите постојано да бидат известувани вработените од педагошко-психолошката служба за сите промени кои настануваат во семејството, за истите да можат да одберат соодветен начин на комуникација со ученикот. Од секојдневната комуникација, директорите заклучуваат дека најчести причинители на конфликтите се нарушените семејни односи. Кавгите и недоразбирањата во семејствата, сиромаштијата, разводите... се оние кои создаваат несугурност и фрустрација кај детето која се рефлектира со насилство.

Третата хипотеза Недостатокот на соработка помеѓу педагошко-психолошката служба и родителите влијае за појава на насилството, се потврдува(прилог 2-прашања 9,12, прилог 3-прашање 23,26)



**оментар:** Поголем дел од испитаниците сметаат дека педагошко-психолошката пужба напорно работи со учениците кои изразуваат насилство, но исто добар дел делумно се согласуваат со тоа, што значи педагозите и психолозите според нив, е го даваат својот максимум во работата со овие ученици. За да се откријат ричините за насилство треба длабоко да се проникне во општествените односи и етската душа, велат наставниците. Потребно е да се анализира секој вид асилство, неговата социјална основа, средината во која се јавува, особено ютребата на алкохол и наркотици. Често причините се комплицирани, понекогаш нејасни.

| ***прашање број 9 - Дали во училиштето има кодекс на однесување на учениците?*** | |
|---|---|
| ***Одговори*** | ***f*** |
| да | 12 |
| не | 0 |

***Коментар:*** Кодекс на однесување, со правила кои задолжително треба да се почитуваат има во секое училиште. Генерално земено, повеќето размислувања одат во насока на ставот дека порастот на насилството помеѓу учениците е резултат на отсуство на навремена превенција од несаканите ефекти, поради што решенијата треба да се бараат во воспитната компонента, преку зајакнување на педагошко-психолошката поддршка во училиштата и на службите за социјална работа.

На прашањето „***Колку често и дали имате доволно време за разговор со учениците кои се однесуваат насилно?***", педагошко-психолошката служба смета дека насилството е сложен и мултиплициран проблем, кој бара секојдневен разговор со учениците. Тие велат: „Разговор, разговор и само разговор".

Периодот на адолесценцијата и раната младост е најтипичен, најнеодреден и најчувствителен период во животот. Тоа е основата на непромисленоста, импулсивноста и променливото однесување на младите. Но, каков млад човек имаме пред себе е резултат на подолг процес, односно од самото раѓање

имплементирајки ги сите секвенци од социо-психолошки, педагошко-воспитен и општествено-системски аспект на секојдневието, сметаат педагозите и психолозите. Според нив, насилното однесување е широк поим, бара детална анализа и соработка со повеќе институции, која во пракса ја имаат со МОН, Град Скопје и со другите училишта.




***Коментар***: Во однос на вклученоста на родителите во воспитно-образовниот процес, педагозите и наставниците сметаат дека родителите на учениците кои покажуваат девијантно однесување, најчесто стануваат нивни соучесници преку оправдување, бранење, користење интервенции, небарање адекватна стручна помош, и допридонесуваат кон ескалација на проблемот во средното училиште.

За спречување на појавата на насилството и намалување на истото исклучително е значајна релацијата педагошко-психолошка служба-родители-ученици.

Во релацијата педагошко-психолошка служба- родители, педагозите и психолозите добиваат подетални и попрецизни информации за тоа што се случува во семејството, а со тоа полесно навлегуваат во суштината на причините кои го предизвикуваат насилното однесување кај одредени ученици. Тие сметаат дека е потребно да се зголеми свеста кај родителите, да комуницираат со своите деца. Треба да се известуваат редовно преку јавниот сервис дека тие ке ги сносат последиците и ќе ги плаќаат казните за недоличното однесување на своите деца. Исто така повеќе треба да бидат ангажирани учениците и вкучени во повеке активности и проекти, за да го користат своето слободно време. Намалување на бројот на наставни часови и

оставање на реална можност за дополнителни социјално, спортски и културни активности, проекти и активности за соживот и толеранција, се препораките кои ги даваат педагозите и психолозите, во однос на намалување на насилството помеѓу учениците.

Истражувањата покажуваат дека неказнувањето на насилното однесување, предизвикува ново уште поголемо. Физичкото насилство е појдовна точка на поголем судир и дел од непријателство според принципот „насилство донесува насилство“. Често зборуваме за спирала на насилство, во кое насилничките акции се очекуваат со одмазда, со еден нов бран на насилство.

Четвртата хипотеза <u>Појавата на насилство не зависи од возраста на учениците.</u>се потврдува( прилог 2-прашање 14, прилог 3-прашања 4,5)

| ***прашање број 14 - Во која возрасна граница е најмногу изразено насилното однесување кај учениците?*** | | **R** |
|---|---|---|
| а) | **14-17 години** | **1** |
| б) | **15-16 години** | **2** |
| в) | **15-17 години** | **3** |
| г) | **15-18 години** | **4** |
| д) | **16-17 години** | **5** |

***Коментар*:** Од одговорите на педагозите и психолозите во однос на тоа колку возраста влијае за насилното однесување помеѓу учениците, можеме да утврдиме дека нема прецизна возрасна граница, всушност целиот период на адолесценција е критичен кај учениците во однос на појавата на насилно однесување.

| ***прашање број 5 - Конфликтите повеќе се јавуваат помеѓу учениците на возраст над 16 години*** | |
|---|---|
| ***Одговори*** | ***f*** |
| **воопшто не се согласувам** | 5 |
| **не се согласувам** | 10 |
| **сосема се согласувам** | 4 |
| **делумно се согласувам** | 14 |
| **се согласувам** | 7 |

***Коментар:*** Наставниците смеаат дека без оглед на возраста учениците имаат лични фрустрации- да бидат најдобри, а не вложуваат доволно, да предизвикаат внимание кое од порано не им било укажано, или имаат претерано скапоцени предмети во отсуство на родителска грижа и љубов или се срамат што немааат тоа што имаат нивните другарчиња

Како поттикнувач на насилството треба да се споменат медиумите кои најчесто информираат за насилни однесувања, кои ја поттикнуваат негативната фантазија кај младите, за разлика од позитивните кои се позитивни и заслужуваат медиумско внимание.

Петата хипотеза Појавата на насилство зависи од етничката припадност на учениците,се потврдува( прилог 3-прашање 29, прилог 4-прашање 11)

| ***прашање број 29 - Почести се конфликтите помеѓу ученици од мешан етнички состав*** | | |
|---|---|---|
| ***Одговори*** | ***f*** | ***%*** |
| да | 30 | 75% |
| не | 10 | 25% |

***Коментар:*** Од целокупното истражување може да заклучиме дека директорите, педагошко-психолошката служба, учениците, родителите, сите се согласни во тоа дека во училиштата со мешан етнички состав, конфликтите и насилството помеѓу учениците се најмногу присутни.

И самите ученици се свесни за потребата од соживот со учениците, како и последиците кои настануваат од конфликтите помеѓу нив.

| *прашање број 11 - Насилството е честа појава помеѓу учениците* | | |
|---|---|---|
| ***Одговори*** | ***f*** | ***%*** |
| **самоодбрана** | 13 | 8% |
| **омраза** | 28 | 16% |
| **меѓуетничка нетрпеливост** | 53 | 31% |
| **провокација** | 66 | 39% |
| **лошо друштво** | 10 | 6% |

***Коментар***: Учениците велат дека најчесто физичките и вербални расправии се случуваат за време на големите одмори и на враќање од училиште накај дома. Тие најбезбедно се чувствуваат за време на часовите, кога се обезбедувани од професионални лица и кога би имало поставено камери насекаде во училиштата. Недоразбирањата, вербалните и физички пресметки најчесто ги пријавуваат кај педагошко-психолошката служба, потоа кај класниот раководител и поретко кај директорот.

Директорите, стручните служби, родителите, сите заедно сметаат дека се неопходни мултиетнички проекти, педагошки мерки од најригорозен карактер за насилство, работилници за кодекс на однесување, советувања со родителите.

Шестата хипотеза Недостатокот од дополнителни активности и ангажмани за учениците влијае на зголемување на насилството помеѓу нив,се потврдува (прилог1-прашање 8,9, прилог 4-прашање 14)

| *прашање број 8 - Дали учениците редовно учествуваат на трибини, предавања, проекти и слично?* | |
|---|---|
| ***Одговори*** | ***f*** |
| да | 7 |
| не | 0 |

***Коментар***: Директорите се подеднакво согласни во однос на тоа дека учениците наместо сами да го организираат своето слободно време, треба да има редовни секции, проектни активности, слободни активности.

| ***прашање број 9 - Дали имате форми за награда на најуспешните ученици?*** | |
|---|---|
| ***Одговори*** | ***f*** |
| да | 7 |
| не | 0 |

***Коментар:*** Директорите сметаат дека најдобра мотивација за учениците е нивното вклучување во проекти кои се организираат со збратимените градови од други земји, дружењето со нивните врсници, размена на искуства, соработка и сл.

| ***прашање број 14 - Како според тебе може да се намали насилството?*** | | R |
|---|---|---|
| а) | **полициско обезбедување** | **9** |
| б) | **казнени мерки** | **3** |
| в) | **соработка** | **2** |
| г) | **да не се пуштаат ученици од другите училишта** | **4** |
| д) | **меѓусебна почит** | **5** |
| ѓ) | **промени на системот** | **1** |
| е) | **одвојување на етничките групи** | **8** |
| ж) | **намалување на омраза** | **6** |
| з) | **зголемен видео надзор** | **7** |
| ѕ) | **поголема комуникација меѓу ученици од сите етнички групи** | **10** |

***Коментар:*** Од приложената ранг листа можеме да утврдиме дека учениците, зголемената комуникација помеѓу етничките групи ја сметаат како најважен услов за намалување на насилството помеѓу учениците.

## 17.ДИСКУСИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ

Од анализата на резултатите може слободно да се констатира дека во училиштата е застапено насилство, што се потврдува со процентуалниот податок од одговорите на прашањата.

Генерално земено повеќето размислувања одат во насока на ставот дека порастот на насилството помеѓу учениците е резултат на недостаток на грижа и внимание од родителите кон децата, отсуство на навремена превенција од несаканите ефекти, поради што решенијата треба да се бараат во воспитно-образовниот процес, имено да се посвети поголемо внимание на воспитната компонента.

„Кај децата треба да се создаде навика за разговор, бидејки само со разговор може да се осознаат многу работи за ученикот, за неговата емотивна и психичка состојба. Задолжително создавање навика кај родителите редовно да разговараат со класниот и стручниот работник за евентуални проблеми и промени во семејството"- вели еден од психолозите во средните училишта.

Податоците од истражувањето можеби не даваат вистинска слика за состојбите на насилство во училиштата, но сепак се насетуваат проблемите кои треба да се анализираат. Тие сами по себе кажуваат дека вербалните и физички пресметки се честа појава помеѓу средношколците. Голем е бројот на деца кои биле навредувани, на кои им биле одземени предмети, биле провоцирани од аспект на национална припадност. Во однос на прашањата за тоа дали учениците се чувствуваат безбедно во училиштето, голем дел од нив одговориле негативно, и сметаат дека етничката припадност е онаа која создава нетрпение помеѓу учениците и најбезбедно се чувствуваат со физичко обезбедување во училиштата.

Во однос на мерките кои треба да се превземат, стручните соработници сметаат дека треба да се преземат активности преку кои учениците меѓусебно ке се дружат и запознаваат, креативни и издржани проекти за меѓуетничност, каде подобро ке ги запознаат меѓусебните обичаи, верувања и култура.

Директорите сметаат дека треба наставниците да се поттикнуваат на учество и соработка, родителите и учениците во создавање на услови за

безбедна средина и активно вклучување на сите субјекти во градење на безбедноста во училиштата.

Истотака тие сметаат дека треба да се подигне свеста кај учениците за ефикасно справување во насилните ситуации, унапредување на компетенциите и знаењата на наставниците и стручните соработници преку едукација како и стручна поддршка.

„Унапредување на соработката на училиштата со локалната самоуправа, полицијата и другите надлежни институции„- се мерките кои директорите најмногу ги предлагаат.

Креирање на мерки и активности во училиштата за превенција и справување со насилството.

„На наставниците треба да им се даде поддршка во спроведувањето на политиката на нетолеранција на насилството преку имплементација на училишните протоколи и механизми за справување со насилни ситуации"- велат директорите.

Она што се случува во училиштата е премногу чувствително и деликатно прашање. Сите досега превземени мерки сеуште не се доволни за санирање на состојбите. Овој проблем бара детална анализа и инволвирање на сите надлежни органи.

### *ЗАКЛУЧНИ СОЗНАНИЈА*

Определбата за проучување на овој проблем произлезе и од тоа што во последно време од најразлични извори доаѓаат информации дека истиот е присутен и во дадени моменти добива актуелна димензија.

Основна цел во текот на работата ни беше одење чекор напред во изнаоѓање на решенија за надминување на таа појава, што подразбира поттикнување, будност и одговорност на училиштата во смисла почесто да се занимаваат со прашања од оваа област, а добиените резултати од истражувањето се основа за реализација на идни проектни активности.

Еден од покомплексните проблеми кој се провлекува низ сите сфери на човековото опстојување, проблем кој се јавува како резултат на интеракцијата на индивидуата со други луѓе во одредена социјална средина, проблем кој има долга историја, проблем кој не ја одминува и младата популација, проблем доста актуелен во денешно време, е проблемот на насилно однесување.

Во тој контекст предмет на теориско и емпириско проучување, истражување ни беа факторите, облиците, превенциите и стратегиите на насилно однесување меѓу учениците во средните училишта од градот Скопје.

Целта беше да испитаме дали таквото општествено неприфатливо однесување постои и низ кои облици истото се пројавува во средното училиште, како и да утврдиме кои активности се превземаат од страна на стручните лица, наставниците, родителите, други лица вклучени во работата на училиштето за намалување, надминување на ваквото однесување.

Начинот на кој децата зборуваат за насилството како дел од нивното секојдневие покажува дека тие се свесни за насилното однесување околу себе и за својата улога и вклученост и дека ги разбираат последиците од ова однесување, иако делува дека во секојдневниот живот во училиштата најчестите видови на насилно однесување се третираат како вообичаено и прифатливо однесување, дел од детска игра и нешто низ кое сите ние сме поминале.

Податоците за тоа колку често се случуваат одредени видови насилно однесување зборуваат за застапеноста на сите видови на насилно однесување

во училиштата. Ова може да создаде слика за училиштето како место кое не е доволно безбедно, во кое насилното однесување е секојдневие и тивко одобрен начин за справување со проблемите.

Причините кои учениците ги наведуваат за појава на насилното однесување покажуваат дека непознавањето, предрасудите и стереотипите за „Другиот", кој може да биде друг заради родот, етносот, хендикепот, културата, изгледот, религијата, потеклото и итн., можат да генерираат и стимулираат насилство од најразличен вид.

Ваквите податоци укажуваат на потребата од покренување на прашањата за односот кон „Другиот", за релациите и начините на комуникација, за начините на разрешување на конфликти, стереотипите и предрасудите како важни аспекти кога зборуваме за насилното однесување. Во таа насока потребно е воспоставување на програми за намалување на насилството кои ќе се темелат на почитување на различностите, емпатија и критичко размислување наместо на дисциплинирање и контрола.

Со организациската функција на директорот се определуваат методите и начините на кои се реализираат зацртаните планови и програми за работата на училиштето. Колку подобра организација има во училишниот колектив, толку повеќе има работна клима, мотивираност, искористеност на сите ресурси, повисок квалитет во работата, средени меѓучовечки односи. За успешно извршување на оваа функција директорот на училиштето треба да биде водач кој поседува определени лични особини и со личен пример треба да се воздигне и востоличи како врвен принцип на организацијата на образованието, бидејќи лидерот е тој што креира, инспирира, мотивира и организира. Само со сплотеност, силна соработка и позитивна атмосфера помеѓу директорот, педагошко-психолошката служба, родителите, локалната заедница, може да се придонесе во намалување на насилството помеѓу учениците, и разрешување на конфликтите помеѓу нив.

***ПРЕПОРАКИ***

- Потребно е да се идентификуваат насилните ученици, да се следат и перманентно да се работи со нив.
- Дебати , работилници со кои се опфатени теми за надминување на насилството меѓу учениците.
- Дискусии за меѓусебно запознавање на учениците од различни етнички групи, за традиционалните карактеристики и верските обичаи со цел прифаќање и почитување на различностите и соживот.
- Секојдневни консултативни средби и разговори со учениците, наставниците и родителите при било какви настани и конфликти.
- Континуирано разговарање за работата на превенција и реагирање против насилството на состаноците на стручните тела на училиштето.
- Разговори со учениците и нивно охрабрување да ги пријавуваат случаите на насилство.
- Задолжителни разговори со родители на ученици со проблематично однесување.
- Изрекување соодветни педагошки мерки за учениците со проблематично однесување.
- Поголема соработка на педагошко-психолошката служба со полицијата и центрите за грижа на млади со проблематично однесување.
- Промовирање на знаења и вештини за (не)насилство.
- Спроведување активности и програми за запознавање и почитување на различностите, соработка и заеднички активности меѓу учениците од различни групи.
- Зголемена контрола од страна на родителите врз децата, како и поголема грижа околу воспитувањето, постојано разговарање со децата за важноста на моралните, традиционални и етички вредности.
- Секојдневна комуникација на педагошко-психолошката служба со учениците, решавање на нивните проблеми од било кој вид, нивно подучување за толеранција, културно однесување, меѓусебно почитување, трпение, дружење, зближување, љубов.

## *КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА*


1.Адижес,И.(1998),Овладување со промени,Скопје,Детра

2.Адижес,И.(2004),Стилови доброг и лошег управљања,Нови Сад,Graph Style

3.Ajdukovic,D.(1995),Programi psiho-socijalne pomoci proganjanjoj I izbegloj deci,UNICEF,Drustvo za psiholosku pomoc,Zagreb

4.Адамческа,С.(1996),Активна школа,Скопје:Легис

5.Brajsa,P.(1994),Pedagoska komunikologija,Skolske novine,Zagreb

6.Блажева, А. И Чонтева,Ж.(2008).Спречување на насилството кај средношколците во Градот и градење меѓусебна доверба,Алгоритам Центар:Скопје

7.Воспитни крстопати, списание за современо образование , воспитание и настава, Книгопроизводителство„Ѕвезда",печати„Маринг"-Скопје,година XII.2007.бр.114

8.Виготски,Л.С.(1988),Развој,учење и игра,кн.2(избор),Скопје:Просветно дело

9.Гордон,Т.(1998),Успешен наставник,Креативенцентар,Београд

10.Gašić-Pavišić, S. (2004). Mere i programi za prevenciju nasilja u školi. Zbornik instituta za pedagoška istraživanja, Beograd: Institut za pedagoška istrazivanja

11.Димитроска Гајдоска,Д.(2004),Подигање на свеста во врска со родовите прашањаво средните училишта во Република Македонија:Искуства и препораки, Евро-Балкан Прес, Скопје

12.Duric S.(2007),Strategije za identifikovanje,prevenciju i reagovanja,Faklutet bezbednosti,Beograd

13.Ѓуриќ,С.(2007),Безбедносни ризици у школама, модели откривања и реаговања, Факлутет безбедности, Београд

14.Zuzul,M.(1989),Agresivno ponasanje,RZK RK SSOH,Zagreb

15.Закон за заштита на децата (Службен весник на РМ бр.170/2010)

16.Јанкоски,Д.(2002),Организација на образованието, Универзитет Св.Климент Охридски, Битола

17.Котева-Мојсовска,Т.(2009),Педагошка комуникација,Скопје

18.Котева, Т.(1996),Детето-рамноправен партнер и субјект во воспитанието и образованието,Гоцмар,Битола

19.Камберски,К.(2000),Предучилишното и основното воспитание и образование во Република Македонија-развој,состојби и перспективи,Скопје:Филозофски факултет

20.Kimbal,B.,(2004),The Book on Management,Best Business Books,NY

21.Кралев,Т.(2007),Основи на менаџментот,Скопје,Центар за интернационален менаџмент

22.Камберски,К.(1994),Од буквар до универзитет,Скопје:Просветно дело

23.Камберски,К.(1998),Иницијалното образование на наставниците,Скопје:Образовни рефлекси

24.Каменов,Е.(1988),Предучилишна педагогија 1 и 2,Скопје:Просветно дело

25.Малиш Саздовска,М.,Дујовски Н.,(2009)Безбедносен менаџмент,Факултет за безбедност,Скопје

26.Мирчева С.,Чачева В.,Иванов А.,Положбата на децата жртви на сексуалната злоупотреба во македонскиот казненопоправен систем,Годишник на Факултет за безбедност-Скопје,Скопје 2010

27.Николоска,С.(2005),Малолетничкиот криминалитет во Република Македонија,Графотранс,Скопје

28.Нацрт-програма за испит на директори на основни и средни училишта(2006),Министерство за образование и наука и УСАИД

29.Национален план за акција за правата на децата во Република Македонија 2005-2010,декември 2005,Скопје

30.Петров,Н.(2012),Музички воннаставни активности во превенција на адолесцентната агресија, Скопје

31.Петковски К. и Пеливанова Г.(2009),Предизвиците на современото лидерство,Херакли комерц,Битола

32.Петковски, К.Н.и Алексова, М.А.,(2004),Водење на диманично училиште,Биро за развој на образование,Скопје

33.Петковски,К.(2000),Водство и ефективна комуникација,Киро Дандаро,Битола

34.Петковски,К.,Ивановска-Мајсторова,А.(2009),Мајсторството во комуницирањето,Херакли Комерц,Битола

35.Петковски, К.,Пеливанова,Г.,(2009),Предизвиците на современото лидерство во образованието,Херакли Комерц,Битола

36.Петковски,К.,(1998),Менаџмент во училиште, Просветен работник,Скопје

37.Поповски,К.(1993),Воспитно образовни или социјални установи,Скопје:Педагошки завод на Македонија

38.Павлович-Бренеселович,Д.(1993),Положај детета у дечјем вртичу и првом разреду основе школе,Београд:Филозофски факултет

39.Pre-school and Primary Education in the European Union,(1994),EURYDICE

40.Спасески Ј.,Аслимоски П.,Бачановиќ О.,(2006),Педагошка социопатологија,Универзитетски учебник,Битола

41.Училиште по мерка на детето, експертска група МОН и УНИЦЕФ,2006

42.http://www.beznasilstvo.mk

43.http://www.unicef.org

44.http://bro.gov.mk/

45.http://e-demokratija.mk/documents/10157/29517/

46. http://www.unicef.org/protection/index_violence.html

47.Херси,П. И Бланшар,К.Х.(1981),Управување со организациско однесување,Њујорк

48.Џежговска,И.(2004),Ефикасно управување и раководење со училиштата,ЛГРП/ДАИ/УСАИД,Скопје

49.Шуклев,Б.(2004).Менаџмент,Скопје:Економски факултет

## ПРИЛОЗИ

### *Прилог број 1 – Прашалник за директорите на средните училишта*

Интервју со директорот на СУГС______________________________

Име и презиме______________________________________________

Возраст ___________________________________________________

Пол_______________________________________________________

Образование________________________________________________

Место на живеење____________________________________________

1.Сметате ли дека насилството е честа појава во Вашето училиште?

ДА НЕ

2.Дали семејните проблеми се најчеста причина за појава на насилството помеѓу учениците?

ДА НЕ

3.Дали физичките пресметки се честа појава во Вашето училиште?

ДА НЕ

4.Дали сметате дека максимално придонесувате за спречување на појавата на насилството помеѓу учениците?

ДА НЕ

5.Дали сметате дека креирате позитивна атмосфера помеѓу учениците?

ДА НЕ

6.Како можете да докажете дека Вашите вложувања имаат позитивни влијанија кај учениците?

ДА НЕ

7.Дали имате изработено кодекс за однесување на учениците?

ДА НЕ

8.Дали учениците редовно учествуваат на трибини, предавања, проекти и сл.?

ДА НЕ

9.Дали имате форми за награда на најуспешните ученици?

ДА НЕ

10.Дали редовно разговарате со учениците со непримерно однесување?

ДА НЕ

11.Дали покажувате пример за позитивно и стручно однесување во училиштето?

ДА НЕ

12.Дали организирате настани за дружење на учениците?

ДА НЕ

13.Дали учениците брзо ги прифакаат новитетите кои постојано се случуваат во образованието?

ДА НЕ

14.Дали сметате дека наставниците посветуваат доволно време за воспитната компонента кај учениците?

ДА НЕ

15.Во која возрасна граница е најмногу изразено насилното однесување кај учениците?

---

16.Дали редовно им давате насоки и упатства на наставниците, за тоа како да се однесуваат со учениците кои покажуваат насилство?

ДА НЕ

17.Дали често разговарате со родителите на учениците со насилно и непримерно однесување?

ДА НЕ

18.Кој според Вас може најмногу да влијае врз намалување на насилството помеѓу учениците?

---

***Прилог број 2 – Прашалник за стручните соработници на средните училишта***

# Прашалник за стручни соработници

Почитуван/а

Овој прашалник е наменет за сите стручни соработници во основните училишта на градот Скопје. Неговата цел е да се испита степенот на појава на насилство помеѓу учениците во средните училишта.

Вашите одговори се анонимни.Тие ке бидат употребени во научно-истражувачки цели. Ќе бидат презентирани сите збирно заедно, а не како поединечни одговори.

За одговарање на прашалников ќе Ви бидат потребни околу 30 минути.

Се надевам дека ќе одговорите на сите и на тој начин ке придонесете во планирање на активностите за разрешување на конфликтите помеѓу учениците и спречување на појавата на насилството.

Ви благодариме на соработката!

Училиште______________________________________________

Во врска со појавата на насилството помеѓу учениците и најчестите причини за истото, секој од Вас има најразлично искуство. Размислете за Вашите искуства и за степенот во кој се согласувате со исказите. Нема точни и неточни одговори. Вашите одговори треба што е можно поточно да го изразуваат Вашето мислење.

I. ***Одговорете на прашањата:***

1. Образование:

______________________________________________

2. Занимање:

______________________________________________

3. Работно искуство:

______________________________________________

4. Возраст:

а) до 25 год. б) 26-40 год.

в) 41-55 год. г) над 55 год.

5. Која е почеста форма за изразување на насилството помеѓу учениците?

а)вербално б)физички

6. Дали конфликтите помеѓу учениците се честа појава ?

а) Да б) Не

Ако одговоривте потврдно, тогаш наведете кои се најчестите причини за појава на конфликтите:

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

7. Дали директорот од Вашето училиште придонесува за развој на позитивна клима во училиштето?

а) секој ден б) често

в) повремено г) ретко д) никогаш

8. Дадени се повеке искази за кои се смета дека се најчести причини за конфликт помеѓу наставниците ( Според Вашите мислења и сознанија рангирајте ги според важност од 1-7 ):

| | | |
|---|---|---|
| а. | Воведувањето на постојани новини во образованието придонесува за почеста појава на конфликти | |
| б. | Помеѓу наставниците на возраст до 35 години конфликтите се почести | |
| в. | Непостоењето на форми за финансиска награда на наставниците придонесува за почеста појава на конфликти помеѓу нив | |
| г. | Своите забелешки и критики кон поедини наставници директорот им ги упатува пред целиот колектив | |
| д. | Директорот зазема страна во конфликт помеѓу два наставника | |
| ѓ. | Директорот не изнаоѓа форми за мотивација на наставниците | |
| е. | Директорот ги критикува наставниците пред учениците | |

9. Дали во училиштето имате кодекс на однесување за учениците?

а) Да б) Не

10.Кои форми на насилство се најчести помеѓу учениците?

11.Колку често и дали имате време за разговор со учениците кои се однесуваат насилно?

12.Кои се најчестите причини кои ги наведуваат учениците за нивната потреба од насилство?

а)семејни проблеми
б)недоразбирање со врсниците
в)незадоволство од наставниците
г)неприфакање од околината

13.Какви мерки превземате за оние ученици кои често се проблематични и постојано создаваат конфликти?

14.На која возраст насилството е најмногу изразено помеѓу учениците?

15.Што според Вас може и треба да се превземе од страна на надлежните органи(Град Скопје, МОН и др.) за намалување на насилството во училиштата?

**ВИ БЛАГОДАРИМЕ ЗА СОРАБОТКАТА И ПРИДОНЕСОТ ВО ИСТРАЖУВАЊЕТО**

***Ако има нешто што би сакале да додадете во врска со односот на учениците помеѓу себе:***

***Прилог број 3 – Прашалник за наставниците во средните училишта***

Прашалник за наставници

Почитуван/а

Овој прашалник е наменет за сите наставници во средните училишта на градот Скопје. Неговата цел е да се испита степенот на појава на насилството помеѓу учениците, како и причините за неговата појава.

Вашите одговори се анонимни. Тие ќе бидат употребени во научно-истражувачки цели. Ќе бидат презентирани сите збирно заедно, а не како поединечни одговори.

За одговарање на прашалников ќе Ви бидат потребни околу 30 минути.

Се надевам дека ке одговорите на сите и на тој начин ке придонесете во планирање на активностите за спречување на појавата на насилството помеѓу учениците.

Ви благодариме на соработката!

Училиште________________________________________________

Во врска со појавата на насилството помеѓу учениците и најчестите причини за истото, секој од Вас има најразлично искуство.

Размислете за Вашите искуства и за степенот во кој се согласувате со исказите.Нема точни и неточни одговори.Вашите одговори треба што е можно поточно да го изразуваат Вашето мислење.

*Одговорот запишете го така што за секој исказ ќе заокружите број од 1 (воопшто не се согласувам) до 5 (сосем се согласувам) што најточно го искажува* ***<u>степенот во кој се согласувате или не се согласувате</u>***

| | 1 ←——→ 5 | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Воопшто не се согласувам | | | | Сосем согласува |
| 1. Насилството е честа појава помеѓу учениците | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 2. Конфликтите повеќе се јавуваат помеѓу учениците од машки пол | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 3. Конфликтите повеќе се јавуваат помеѓу учениците од женски пол | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 4. Конфликтите повеке се јавуваат помеѓу учениците на возраст од 16 години | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 5. Конфликтите повеке се јавуваат помеѓу наставниците на возраст од 18 години | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 6. Насилството секогаш е во форма на расправија | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 7. Најчесто за време на одморите се случуваат конфликтите | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 8. Најчесто насилството е изразено со физичкипресметки помеѓу учениците | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 9. Недоволната посветеност на наставниците на воспитната компонента кај учениците придонесува за зголемување на насилството | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 10. Во училиштето има кодекс на однесување на учениците | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 11. Проблемите во семејството придонесуваат за насилното однесување на учениците | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 12. Недоволната посветеност на родителите влијае во појавата насилното однесување кај учениците | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

13. Директорот со своето однесување придонесува за создавање на позитивна клима во училиштето ......... 1 . 2 . 3 . 4 . 5

14. Своите критики кон поедини ученици наставниците ги кажуваат пред сите ......... 1 . 2 . 3 . 4 . 5

15. Директорот изнаоѓа форми за спречување на насилството помеѓу учениците ......... 1 . 2 . 3 . 4 . 5

16. Директорот често упатува пофалби кон наставниците за успешноста во работата ......... 1 . 2 . 3 . 4 . 5

17. Директорот посветува доста време за разговор со учениците со непримерно поведение ......... 1 . 2 . 3 . 4 . 5

18. Директорот зазема страна при конфликт помеѓу два ученика ......... 1 . 2 . 3 . 4 . 5

19. Директорот ги учениците кои предизвикуваат конфликти пред сите ......... 1 . 2 . 3 . 4 . 5

20. Во училиштето владее позитивна клима за работа ......... 1 . 2 . 3 . 4 . 5

21. Нововработените наставници се позитивно прифатени од колегите ......... 1 . 2 . 3 . 4 . 5

22. Често наставниците разговараат со учениците за нивниот приватен живот и ги сослушуваат нивните проблеми ......... 1 . 2 . 3 . 4 . 5

23. Сметам педагошко-психолошката служба напорно работи со учениците кои изразуваат насилство ......... 1 . 2 . 3 . 4 . 5

**Во однос на Вашите ставови и размислувања одговорете потврдно или одречно, заокружувајќи 1-за потврден одговор и 2-за одречен одговор**

| | Да | Не |
|---|---|---|
| 24. Најчести форми на насилство се вербалните пресметки | 1 | ............... 2 |
| 25. Најчести причини за појавата на насилство се домашните проблеми на учениците | 1 | ................ 2 |
| 26. Родителите често доаѓаат и се интересираат за своето дете | 1 | ................ 2 |
| 27. Наставниците посветуваат многу внимание на воспитната компонента кај учениците | 1 | ................ 2 |
| 28. Педагошко-психолошката служба посветува многу внимание и работа на учениците со насилно однесување | 1 | ................ 2 |
| 29. Почести се конфликтите помеѓу ученици од мешан етнички состав | 1 | ................ 2 |
| 30. Најчесто конфликтите се случуваат за време на одморите | 1 | ................ 2 |
| 31. Јас можам да допринесам во намалување на насилството помеѓу учениците | 1 | ................ 2 |

## ПОДАТОЦИ ЗА ВАС

**Пол:**

а) Женски ................................ **1**

б) Машки ................................ **2**

---

**Работно искуство во настава:**

| | |
|---|---|
| | |

години

---

**Образование:**

Предметен наставник по ______________________________________

**ВИ БЛАГОДАРИМЕ ЗА СОРАБОТКАТА И ПРИДОНЕСОТ ВО ИСТРАЖУВАЊЕТО**

***Ако има нешто што би сакале да додадете во врска со насилството помеѓу учениците, формите на насиластво, и причините за истото Ве молиме запишете го овде.***

***Прилог број 4 – Прашалник за учениците од средните училишта***

**Упатство**

Овој прашалник се однесува на различните видови насилство во училиштата.

Со потполнување на прашањата ќе помогнеш подобро да ја разбереме појавата насилно однесување и да иницираме проекти за нејзино намалување.

Истражувањето ќе се реализира во неколку средни училишта на град Скопје.

Не треба да го пишуваш твоето име, прашалникот е анонимен.

| |
|---|
| насилно однесување е кога постојано се вознемируваат одредени лица или групи и кога се користи физичка сила со цел да се повредат, контролираат или заплашуваат другите или воопшто да се предизвика уништување. |

**1.Училиште**________________________________________________

**2.Која година си?**
А) прва
Б) втора
В) трета

**3.Дали си?**
А)машко
Б)женско

**4.Етничка припадност**________________________________________

**5.Дали живееш?**
А)со двајца родилети
Б)со еден
В)ниту еден/старатели/дом

**6. Дили во твоето семејсто?**
А)се вработени двајцата родители
Б) работи само еден
В) ниту еден не работи

**7.Дали во твоето училиште има насилство?**
А)не
Б) ретко
В)често
Г)постојано

**8.Кои форми на насилство најчесто се застапени во твоето училиште? (може да наведеш пет)**

- Уништивање на инвентар
- Физичка казна од наставник
- Навредување од наставник
- Заканување од други ученици
- Физички пресметки на ученици кон наставници
- Учениците ги навредуваат наставници
- Закани од други надворешни лица
- Исмејување меѓу ученици
- Изнудување рекетирање
- Кражби на предмети
- Носење нож
- Носење пиштол
- Тепачка меѓу ученици
- Тепачки меѓу ученици од различна етничка припадност
- Тепачки со ученици од други училишта
- Друго ________________________________________________

**9. На кои места се случуваат тепачките?**

А) во училница и ходник
Б) во тоалет
В) во двор
Г) на автобуска станица
Д) во автобус
Ѓ) нема тепачки во моето училиште
Е) друго___________________________

**10.Кога најчесто се случуваат тепачките?**
А) кога се губат часови и на одмор
Б) меѓу смени
В) кога доаѓаме на училиште
Г) кога се враќаме
Д) за време на часови
Ѓ) друго____________________________

**11. Кои се најчести причини за насилство?**
А) самоодбрана
Б) омраза
Г) меѓуетничка нетпреливост
Д) провокација
Ѓ) лошо друштво

**12.Дали си бил учесник во некој вид насилство врз други?**

А) тепање
Б) крадење
В) притисок

**13.Дали си бил предмет на насилство од други?**
А) тепање
Б) крадење
В) провоцирање

**14.Како според тебе може да се намали насилството?**
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________

**15.Дали имаш сознание дека некои ученици носат предмети за насилство?**
А)Да Што?____________________________________________
Б)Не

**16.На кого ги пријавувате проблемите?**

А)класен
Б)стручни служби
В)пом.директор
Г)директор

**17.Ако не ги пријавувате објаснете зошто?**

______________________________________________________________________

**18.Како би се чувствувале побезбедени во училиштето?**

А) постојано дежурство на наставниците
Б)снимање со камери
В) обезбедување од професионални лица
Г)друго________________________________________________________________